**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 јули 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,18 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Четврттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Стојан Андов, Али Ахмети, Ермира Мехмети, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова и Тито Петковски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија господин Бранко Црвенковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Пратениците Никола Груевски, Зоран Ставрески, Гордана Јанкуловска, Антонио Милошоски, Миле Јанакиески и Трајко Славески, поднесоа оставки.

Констатирам дека согласно член 152 став 1, алинеја 1 од Изборниот законик на пратениците Никола Груевски, Зоран Ставрески, Гордана Јанкуловска, Антонио Милошоски, Миле Јанакиески и Трајко Славески им престанува мандатот.

Бидејки пратениците Никола Груевски, Зоран Ставрески, Гордана Јанкуловска, Антонио Милошоски, Миле Јанакиески и Трајко Славески, беа избрани од листи на кандидати, потребно е Државната изборна комисија да го извести Собранието за кандидатите од овие листи на кои треба да им се верифицира мандатот за пратеник согласно член 153 од Изборниот законик.

Процедурално, господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници имам процедурална интервенција.

Сите ние ги добивме оставките во писмена форма дека некоку пратеници слободно, сериозно и непоколебливо изјавуваат дека поднесуваат оставки, сите освен господинот Миле Јанакиески. Што значи, тој неслободно, несериозно и колебливо ја поднесува оставката.

Мојата процедурална интервенција е што во овој момент го прекршивте Уставот на Република Македонија.

Во член 65 пишува: пратеникот оставката ја поднесува лично на седница на Собранието. Зошто тоа го напишале во Уставот? За да не се случи човек да го пуштите на пат, ова може да му се случи на секој од нас, ве предупредувам, на секој од нас, да оди на пат некаде во странство и претседателот на партијата со негов потпис да го смени од пратеник. Не за џабе уставотворецот го напишал ова. Во сите парламентарни демократии во светот е така. Ве предупредувам, ја предупредувам јавноста за најголемто кршење на Уставот во овој момент. Повторувам, член 65: пратеникот оставката ја поднесува лично за да бидеме сигурни дека овој текст, без разлика што смешно пишува: слободно, сериозно и непоколебливо го напишал тој човек, тој мора оставката да ја поднесе овде лично за да бидеме уверени дека никој не му направил притисок, дека никој не го уценил и дека не го прави тоа надвор од својата волја.

Затоа почитуван претседателе, барам да го заштитите Уставот на Република Македонија. Тука е господинот Славески, дајте 15 минути пауза, нека дојдат, нека го кажат тоа лично овде што го пишува: сериозно, слободно и непоколебливо и да го исполниме она што во Уставот го пишува. Ве предупредувам на сите вас може, на сите нас тоа може да ни се случи. Ќе дојде ново раководство во СДСМ, ќе одам јас на пат, некој тоа ќе го напише во мое име. Нема да гласате за некој закон, некој друг ова ќе го направи во ваше име. Не е смешна работата. Зборуваме за демократијата во Република Македонија. И 63 и 75 и 80 пратеници да имате, никој не ви дава право да го кршите Уставот на Република Македонија. Не за џабе уставотворецот тоа го напишал тука: Лично ја поднесува овде за да немаме дилема дека некој тоа го направил со притисок. Ве предупредувам, на сите вас ова може да ви се случи и на сите нас. Затоа претседателе, ако немате вие желба да го почитувате Уставот, тогаш барам половина час пауза да го анализирате ова и да постапите согласно Уставот, за да не настанат последици кои што во овој момент апсолутно нема потреба. Знаеме кој ќе биде премиер, знаеме дека ќе бидат министри. Нека дојдат тука, тоа е три минути работа и помалку 30 секунди работа. И затоа да ја завршиме работата, да работиме согласно Уставот. Не треба да ве замолам, треба да ве загрижи оваа постапка. И 119 пратеници да имате, никој не ви дава право да работите спротивно на Уставот на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Колега Макрадули, сега не знам оваа половина час пауза за вас ли е потребна? Ако вие барате пауза, да одговорам на вашето барање. Инаку мене не ми е потребна пауза.

Ако барате пауза за вас, јас можам да ви го одобрам тоа. Вие не можете мене да ми препорачате пауза. Значи, во моментов јас можам да ви одговорам.

Значи и до сега имало пракса и на минатата седница колега Макрадули, пратениците Зоран Коњановски и Васе Доневски поднесоа оставка на истиот принцип и на истиот принцип беше констатирана оставката. Добивме извештај од

Државната изборна комисија се верификува мандатот. Значи до сега било пракса така во однос на оставките на пратениците пред Собранието. Тие лично ја поднесуваат до Собранието, ја поднесуваат во архивата и се доставува и се поделува овде. До колку некој пратеник мисли да ја отповика оставката, тогаш може да дојде на седница на Собранието овде и да ја отповика. Тоа е и самата смисла на уставната одредба. Јас мислам дека не би требало сега да правиме драма од овој чин на поднесување на оставки и констатирање на оставките. Тоа е моето објаснување.

До колку останувате на вашето барање дека ви треба половина час пауза, јас ќе ја одобрам.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, јас барам од вас, до колку вие поинаку го толкувате ова, дека пратеникот оставката ја поднесува лично на седница на Собранието, дека не сакате да го исполните, тоа кажете го. Да не се повикуваме на нешто што се случило, а било исто спротивно на Уставот. Јас во овој момент го читам Уставот на Република Македонија, не ја читам праксата. Затоа, ако вие немате намера да ги повикате пратениците кои што си даваат оставка, тогаш барам половина час пауза.

**Трајко Вељаноски:** Пред да дадам половина час пауза, бидејки вие побаравте, јас ќе ви ја кажам и досегашната пракса. Ако сфаќате буквално дека тие треба да дојдат и овде да ја достават, на микрофон да ја кажат. И господинот Илија Илоски во минатиот парламентарен состав поднесе оставка, да не ви набројувам, имаме еден куп пратеници. Тоа е моето размислување, моето толкување на Уставот, укажување на досегашната пракса. И затоа сметам дека нема потреба од ова вие што го барате, да дојдат лично и овде од говорница да се обратат.

До колку вие барате половина час пауза, објавувам половина час пауза.

(Пауза од 11,28 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,04 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесат Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи и Законот за постапување по преставки и предлози.

Предлозите на законите ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи двата предлога, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив оделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор господин Михајло Маневски, министер за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе.

Законот за постапување по преставки и предлози и Законот за облигационите односи веќе подолго време се наоѓаат во Собранието, за тие закони веќе е водена расправа во Собранието. Тоа се закони кои произлегуваат од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, тоа се закони од европската агенда. Со Законот за облигационите односи се уредуваат прашања кои се содржани во повеќе директиви, тоа се неколку директиви кои треба да бидат вградени во нашето законодавство што може да се види од кореcподентните табели, а со вториот закон Законот за постапување по преставки и предлози треба практично да се реализираат на нови основи основите што ги гарантира Уставот на Република Македонија, граѓаните да можат да поднесуваат преставки и прелози и начинот на нивното постапување.

Итноста на овие закони се гледа во фактот што тие навистина се неопходни заради нивно побрзо донесување од аспект на материјата што ја регулираат и мислам дека Собранието треба да ја прифати оваа итност заради потрабата од нивно побрзо донесување. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи го ставам на гласање.

Пред да ве повикам да гласаме, молам службите да го утврдат точниот број на пратеници.

Во салата се присутни 62 пратеника и можеме полноважно да одлучуваме.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, од нив за гласале 60, нема воздржани и 1 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По предлогот на Владата вкупно гласаа 61 пратеник, од нив за Предлогот гласаа 60, нема воздржан, 1 е против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за постапување по преставки и предлози го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, сите 61 гласаа за.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По предлогот на Владата вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесат: Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати; Закон за финансиско обезбедување; Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на "Проектот за изградба на фискултурни Сали"; Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој- Светскат банка по Договорот за заем по Проектот за подобрување на постоечката регионална и локална патна мрежа; Законот за изменување и дополнување на Законот за чек; Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања; Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка; Законот за изменување и дополнување на Законот за јавен долг; Законот за стоковни резерви; Законот за изменување и дополнување на Законот за лизинг; Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите; Законот за изменување и дополнување на Законот за централен регистар; Законот за изменување и дополнување на Законот за административните такси и Законот за изменување и дополнување на Законот за супер визија на осигурување.

Предлозите на законите ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседателе.

Мислам дека ќе го запазам истиот редослед како што вие ги прочитавте предложените закони и измени на закони по итна постапка.

Прво беше Предлогот за донесување по итна постапка на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, со Предлог на закон.

Имено потребата од донесување на овој закон произлегува од потребата за неговор усогласување со Законот за енергетика и со директивите на Советот на Еворпа 98/93 ЕЗ и 68414 ЕЗ што ја регулираат оваа проблематика.

Оваа точка почитуван претседателе е поврзана со точката која што е на оваа седница за измена на Законот за стоковни резерви, тие ќе треба да се разгледуваат една до друга, но за тоа подоцна.

Понатаму, следува Предлогот за донесување на закон за финансиско обезбедување.

Владата предлага овој закон да се донесе по итна постапка со цел да се овозможи навремено усогласување на домашното законодавство со европската легислатива и во однос на Директивата 2002, 47 ЕЗ на Европскиот парламент и Советот од 6 јули 2002 година, за аранжмани на финансиска гаранција, а при тоа имајќи ги предвид можните негативни последици врз утврдување на датум за отпочнување на преговори за членство на Република Македонија во Европската унија поради недонесување на соодветна регулатива во дефинираните рокови. Значи овој закон е неопходен во овој сет на обврски што ги има Република Македонија во напорите за добивање датум за почнување преговори со Европската комисија.

Понатаму, Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на "Проектот за изградба на фискултурни Сали", со Предлог на закон, Владата предлага Собранието овој закон да го донесе по итна постапка со цел поскоро отпочнување на проектот за изградба на фискултурни Сали и започнување на користење на средствата од заемот за изградба на фискултурни Сали и подобрување на физичкото образование во училиштата низ целата земја, имајќи предвид дека административниот совет на Банката за развој при Советот на Европа на 31 јули 2007 година го има одобрено овој проект, значи речиси пред една година.

Следи Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој- Светскат банка по Договорот за заем по Проектот за подобрување на постоечката регионална и локална патна мрежа. Почитувани пратеници, почитуван претседателе Владата го предлага овој закон на Собранието за донесување по итна постапка со цел поскоро отпочнување на овој проект за подобрување на постоечката регионална и локална патна мрежа и започнување на користење на средствата од заемот за подобрување на патната инфраструктура, а имајќи предвид дека на 13 мај 2008 година проектот е одобрен од страна на Бордот на извршни директори на Светска банка и неопходно е што побрзо потпишување на договорот за користење на средствата на овој заем, кои самите ќе се согласите се од витално значење за голем дел од населението во Република Македонија за подобрување на патната инфраструктура.

Владата на Собранието му предлага да донесе закон по итна постапка за изменување и дополнување на Законот за чек, со Предлог на закон.

Образложението е дека предложените измени и дополнувања на Законот за чек ќе овозможат непречена употраба на чекот како средство за плаќање.

Со Предлогот на закон за регистрирање на готовински плаќања, со Предлог на закон Владата му предлага на Собранието законот да го донесе по итна постапка поради потребата од итно и неодложно решавање на настанатите проблеми заради непочитување и девијантно однесување на даночните обврзници во процесот на фискализација и заради воведување на поефикасни мерки на контрола во процесот на регистрирање на готовинските плаќања.

Предлогот за донесување по итна постапка на Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка, со Предлог на закон се доставува до Собранието заради неодложната потреба од итно усогласување и целосна операционализација на решенијата содржани во Законот за прекршоци во однос на водење на прекршочна постапка и изрекување прекршочни санкции од страна на определени органи на државната управа со цел ефикасно извршување на законите, што е во насока на исполнување на барањата за членство во Европската унија, а за да се спречат нарушувањата што може да бидат предизвикани заради нефункционирање на Управата за јавни приходи.

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, следниот предлог за измени и дополнување е Законот за изменување и дополнување на Законот за јавен долг. Владата го предлага овој закон за донесување по итна постапка заради неопходноста за отстранување на пречките во имплементација на Законот за јавен долг и неодложноста на неговото усогласување со стандардите за презентирање на податоците поврзани со јавниот долг согласно методологијата на ЕВРОСТАТ, Статистичката агенција на Европската унија и методологијата на Меѓународниот монетарен фонд.

Предлогот за донесување по итна постапка на Закон за стоковни резерви го спомнав во контекстот на образложување на итноста за донесување на закон за задолжителни резерви на нафтени деривати. Се предлага по итна постапка од причина што со овој закон на современи основи се регулираат стоковните резерви, при што воедно се врши и усогласување со европското законодавство. Чувањето на стоковни резерви е од витална функција за секоја земја, за секоја економија, вклучително и за Република Македонија и оттука е неопходната потреба да се донесе овој закон по итна постапка.

Владата му предлага на Собранието по итна постапка да донесе закон за измена и дополнување на Законот за лизинг, со Предлог на закон. Целта е зголемување на ефикасноста со уредување на законските одредби за вршење на дејноста лизинг за усогласувње со Законот за прекршоците во поглед на соодветната висина на глобата. Имено, неусогасувањето на овој закон со Законот за прекршоците остава правна празнина која може да предизвика ненадоместливи штети во правниот систем и дисциплината на субјектите на кои се однесува на овој закон.

Владата му предлага на Собранието донесување по итна постапка на Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите, со Предлог на закон.

Почитувани, постои неодложна потреба за итно усогласување на законот кој е предмет на предлогот со Законот за прекршоци, хармонизација со Директивите на Европската унија и спречување на нарушување во стопанството, бидејќи со укинување на специјалните извозни марки се потикнува извозот и се олеснуваат извозните процедури.

Сакам во овој момент да ја поздравам иницијативата на еден пратеник, кој што со амандман интервенира во однос на една од мерките што Владата ги предложи за ублажување на последиците од нафтените шокови и растот на цените на нафтата, а се однесува на укинување на акцизата за возилата на хибриден погон. Кога ќе дојде време ќе се изјасниме по тој амандман.

Понатаму, е Предлогот за донесување по итна постапка на Законот за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар, со Предлог на закон.

Владата му предлага на Собранието овој закон да се донесе по итна постапка со цел зголемување на ефикасноста во спроведување на законските одредби по Законот за Централниот регистар, со усогласување на овој закон со Законот за прекршоци во поглед на соодветната висина на глобата. Имено, неусогласувањето на овој закон со Законот за прекршоци остава правна празнина која може да предизвика ненадоместливи штети во правниот систем и дисциплината на субјектите на кои се однесува овој закон.

Владата му предлага на Собранието донесување по итна постапка на Закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси, со Предлог на закон.

Итноста на овој закон ја гледаме заради надминување на настанатите проблеми во функционирање на системот на наплата на административните такси заради сложените процедури во примената и заради нивната висина во делот на тарифата со цел да се спречат нарушувања во стопанството.

И на крајот, Предлог за донесување по итна постапка на Закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурувањето, со Предлог на закон.

Владата го предлага овој закон за донесување по итна постапка заради потребата од отстранување на недоследностите во работата на осигурителните компании, намалување на административните бариери и формалности согласно проектот "Регулаторна гилотина" што го

спроведува Владата на Република Македонија. Имено, со Регулаторната гилотина е утврдено дека заради забрзување на постпакатa и ефикасноста во издавање на дозволи и согласности согласно законот има потреба од намалување на роковите за издавање на дозволи и согласности што ги издава Агенцијата за супер визија на осигурувањето. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, од нив за гласале 58, нема воздржани и нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По предлогот на Владата вкупно гласаа 58 пратеници, од нив за Предлогот гласаа 58, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за финансиско обезбедување го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 54 пратеници, од нив за Предлогот гласале сите 54 , нема воздржани и нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По предлогот на Владата вкупно гласаа 54 пратеници, од нив за Предлогот гласаа 54, нема воздржан, нема против.

Пред да констатирам сакам службите да утврдат точен број на пратеници присутни во салата.

Во салата беа присутни 59 пратеници, со оглед на тоа дека нема мнозинство констатирам дека не е полноважно гласањето и ги повикувам пратениците да влезат во салата за да го извршиме гласањето.

Во салата сега има 61 пратеник и повторно го ставам предлогот на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, сите 58 гласаа за, против нема, воздржан нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По предлогот на Владата вкупно гласаа 58 пратеници, сите 58 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на “Проектот за изградба на фискултурни Сали” го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, од нив за Предлогот гласале 59, сите 59 гласале за, нема воздржани и нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По предлогот на Владата вкупно гласаа 59 пратеници, од нив за Предлогот гласаа сите 59, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој- Светскат банка по Договорот за заем по Проектот за подобрување на постоечката регионална и локална патна мрежа го ставам на гласање.

Пред да ве повикам да гласате, службите да утврдат точен број на пратеници присутни во салата.

Во салата се присутни 60 пратеници. Затоа ги повикувам пратениците да влезат во салата за да го извршиме гласањето.

Во салата има 61 пратеник и може полноважно да одлучуваме.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеника, сите 60 пратеника гласаа за.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот?(никој)

Дали има воздржан?(нема)

Кој е против?(никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 60 пратеника, сите 60 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за чек го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеника, сите 60 пратеника гласаа за.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот?(никој)

Дали има воздржан?(нема)

Кој е против?(никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 60 пратеника, сите 60 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеника, сите 60 пратеника гласаа за, воздржани нема, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот?(никој)

Дали има воздржан?(нема)

Кој е против?(никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 60 пратеника, сите 60 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеника, 59 пратеника гласаа за, воздржан нема, еден против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот?(никој)

Дали има воздржан?(нема)

Кој е против?(никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 60 пратеника од нив за предлогот гласаа 59,од гласањето не се воздржа никој, еден гласал против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за јавен долг го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеника, сите 58 пратеника гласаа за, воздржан нема, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот?(никој)

Дали има воздржан?(нема)

Кој е против?(никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 58 пратеника од нив за предлогот гласаа 58,од гласањето не се воздржа никој, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот стоковни резерви го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеника, сите 60 пратеника гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот?(никој)

Дали има воздржан?(нема)

Кој е против?(никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 60 пратеника, сите 60 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за лизинг го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 55 пратеника, сите 55 пратеника гласаа за, воздржан нема, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот?(никој)

Дали има воздржан?(нема)

Кој е против?(никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 55 пратеника од нив за предлогот гласаа 55,од гласањето не се воздржа никој, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизи го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеника, сите 60 пратеника гласаа за, воздржани нема, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот?(никој)

Дали има воздржан?(нема)

Кој е против?(никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 60 пратеника, сите 60 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеника, сите 60 пратеника гласаа за, воздржани нема, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот?(никој)

Дали има воздржан?(нема)

Кој е против?(никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 60 пратеника, сите 60 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за аминистративните такси го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеника, сите 57 пратеника гласаа за, воздржани нема, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот?(никој)

Дали има воздржан?(нема)

Кој е против?(никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 57 пратеника, сите 57 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за супер визија на осигурување го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеника, сите 60 пратеника гласаа за, воздржани нема, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот?(никој)

Дали има воздржан?(нема)

Кој е против?(никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 60 пратеника, сите 60 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за семејството.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам пратставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдуван Мамудов:** Благодарам господине.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Владата му предлага на Собранието на Република Македонија овој закон да го донесе по итна постапка поради потребата за подобрување на заштитата на семејството од насилство и давање можност за активно вклучување на навладиниот сектор, подобрување на заштита на децата од трговија со луѓе и отпочнување на примената на прекршочните одредби.

Предложените измени на законот се во доменот на уредување на семејното насилство, а зради изградување на унифицирана практика на заштита на лицата жртви на семејно насилство и усогласување со меѓународните стандарди на ова поле како и усогласување на терминологијата со она која се користи во кривично правните прописи во Република Македонија и општо усвоената терминологија во земјите на Европската унија.

Со цел да се заштитат децата жртви на трговија со луѓе со овој Предлог на закон се предлага воведување на нова глава која гласи:

“Старателство над малолетни лица жртви на трговија со луѓе во која попрецизно се определуваат мерките кои треба да бидат преземени од страна на надлежните институции со цел да се заштитат интересите на оваа категорија деца”.

Во законот се извршени и измени на казнените одредби од постојниот закон усогласени со Законот за прекршоци. Благодарам .

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, сите 62 пратеника гласаа за, воздржани нема, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот?(никој)

Дали има воздржан?(нема)

Кој е против?(никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 62 пратеника, сите 62 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај и Законот за јавни патишта.

Предлозите на законите ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи двата предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор заменикот министер за транспорт и врски господинот Скендер Палоши, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Приватно правните односи во воздушниот сообраќај во Република Македонија во овој момент се регулирани со Сојузниот закон за облигациони и основни материјално правни односи во воздушната пловидба “Службен лист на СФРЈ” бр.22/77 и 12/85 кој е во примена согласно членот 5 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија од 1991 година и со подзаконските акти кои произлегуваат од него.

Со наведениот закон као лекс специјалист се регулира материја на облигационите односи во воздушниот сообраќај, оснивите на стварноправните односи во поглед на воздухопловите, постапката на извршување и обезбедување врз воздухополов и судирот на законите во поглед на воздушниот сообраќај.

Дел од решенијата во законот се застарени и многу надминати, посебно оние кои се однесуваат на стварноправните односи во поглед на воздухопловите затоа што истите се базираат на системот на општествена сопственост.

Исто така еден дел од законските решенија кои се однесуваат на облигационите односи во воздушниот сообраќај не кореспондираат со новите меѓународни стандарди воспоставени со Монтреалската конвенција за изедначување на определени правила за меѓународен превоз по воздушен пат од 1999 година и со важечките прописи на Европската унија.

Постојниот закон за јавни патишта со кој се регулираат условите и начинот на изградбата, реконструкцијата, одржувањето, заштитата, користењето, управувањето и финансирањето на патната инфраструктура е донесен во 1996 година.

Како резултат на севкупните општествени промени во изминатиот период истиот повеќе пати е менуван и дополнуван , пред се, заради утврдување на јасни цели за развој на патната инфраструктура со цел за обезбедување на поефикасен, поекономичен, а пред се побезбеден сообраќај на истата.

Со решенијата од постојниот закон делумно се имплементирани одделни одредби од правото на Европската унија со која е регулирана оваа област. Меѓутоа, имајќи ја во предвид определбата на Република Македонија за членство во Европската унија неопходно е да се создадат сите потребни предуслови за задоволување на барањата на европската инфраструктура.

Оттука модернизацијата и изградбата на патната инфраструктура претставува нужен услов за интеграција на Република Македонија во европската патна мрежа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеника, сите 60 пратеника гласаа за, воздржани нема, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот?(никој)

Дали има воздржан?(нема)

Кој е против?(никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 60 пратеника, сите 60 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за јавни патишта го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеника, сите 60 пратеника гласаа за, воздржани нема, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република

Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот?(никој)

Дали има воздржан?(нема)

Кој е против?(никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 60 пратеника, сите 60 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Законот за водите.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам пратставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор госпоѓа Соња Лепиткова заменик министер за животна средина, повелете.

**Соња Лепиткова:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници

Нормативната материја што го уредува прашањето на управувањето со водите во Република Македонија не може да се смета дека нуди модерен и сопфатен систем кој е компатибилен за имплементација со законодавството со Европската унија од оваа област.

Во оваа смисла како главни причини за донесување на нов закон за води се следните:

Отсуство на интегриран пристап при регулирање на управувањето со водите што се согледува преку постоење на норми што ги утврдуваат условите и начините на користење на водите, неадекватната институционална поставеност на системот што не одговара на европскиот административен систем и што резултира со судир на надлежности и што наводите во досегшното законодавство се гледа пред се како ресурс за искористување, а не како составен дел на животната средина што е едно од основните барања на рамковната директива за води на Европската унија.

Во неколку извештаи на Европската комисија беше укажана потребата од донесување на овој закон во Република Македонија кој веќе подолго време беше одложуван.

Од тие причини сметаме дека донесувањето на овој закон по итна постапка е мошне значајно постигнување на Република Македонија во делот на усогласувањето со правото на Европската унија и пристапувањето кон Европската унија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеника, сите 58 пратеника гласаа за, воздржани нема, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот?(никој)

Дали има воздржан?(нема)

Кој е против?(никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 58 пратеника, сите 58 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор заменик министерот за одбрана, повелете.

**Иљаз Халими:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

На 26 мај 2004 година Собранието на Република Македонија го донесе Законот за заштита и спасување со кој се уредува заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Република Македонија.

Покрај тоа во овој закон е утврдено дека заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес на Републиката и неа ја организираат и спроведуваат органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговските друштва, Здруженијата на граѓани и граѓани и силите за заштита и спасување на начин уреден со овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон, како и нормативите, стандардите и правилата на техничката практика.

Заради извршување на работите од заштита и спасување од природни непогоди, епидемии и други несреќи со овој закон се основа Дирекција за заштита и спасување како самостоен орган на Државната управа во својство на правно лице кое со работа отпочна на 16.05.2005 година, при што работните места согласно актите за организација и систематизација беа потполнети со преземање на вработените од Министерството за одбрана кои вршеа работи од областа на цивилна заштита и вработените од Министерството за внатрешни работи кои вршеа работи од областа на инспекцискиот надзор за заштита од пожари.

По донесувањето на Законот и неговата имплементација истиот помина и низ фаза на евоулација од страна на релевантни домашни и меѓународни експерти чии оценки беа мошне поволни, но практичната примена која отпочна на

01.01.2005 година како и актуелниот комплексен процес на децентрализацијата и пренесувањето на одредени надлежности од државно на локално ниво покажа извесни недоследности за чие надминување неминовно се наметнува потребата од нивно итно решавање.

Летото 2007 година Владата на Република Македонија согласно Законот за управување со кризи донесе Одлука за прогласување на кризна состојба на територијата на целата држава, а како резултат од високите температури и шумските пожари. Иако Република Македонија прва во регионот успешно се справи со шумските пожари по извршената анализа беа констатирани одредени недоследности на системот кои воглавно беа од нормативна природа и се однесува на преклопување на надлежностите помеѓу Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи.

За таа цел Владата на Република Македонија на 93-та седница донесе Заклучок за формирање на мешовита комисија која ќе работи на усогласување на разликите помеѓу законите за заштита и спасување и управување со кризи.

Мешовитата комисија се состана неколку пати ги детектира преклопувањата и со овој Предлог на закон е уверена дека системските слабости кои постоеја сега ќе бидат отстранети.

Ново предложените решенија ќе овозможат разграничување и појаснување на надлежностите, задачите, одговорностите и правата со што ќе се овозможи концепирање на современ, рационален, ефикасен, компатабилен, заснован на однапред утврдени начела и практично применлив систе за заштита и спасување на граѓаните, нивниот имот и добрата од општ интерес, од природни непогоди и други несреќи во Република Македонија.

Во меѓувреме одредени измени во Законот за судовите, како и донесувањето на новиот Закон за прекршоци бараат најитно усогласување на одредени одредби од постојниот закон.

Токму од напред наведените причини се наметнува потребата од соодветно изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, од нив за гласале 61, воздржани нема и 1 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој) Дали е некој воздржан? (Нема) Дали е некој против? (Нема).

Констатирам дека по Предлогот на Владата вкупно гласаа 62 пратеника. Од нив за гласаа 61, нема воздржан и 1 е против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесат законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва; Законот за изменување на законот за градежни производи, Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини; Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија; Законот за престанување на важењето на Законот за обезбедување и насочување на средствата за поттикнување на развојот на земјоделското производство и за компензација на цената на некој прехрамбени производи; Законот за техничката инспекција.

Предлозите на законите ви се доставени. Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно. Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Предлог за донесување на закон по итна постапка Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва, со Предлог на закон, итноста за донесување на овој закон произлегува оттаму што со него се имплементира мерка од приоритетите на партнерството за пристапување, приоритет број 8 мерка 2, а кое се однесува на забрзување на постапката за доброволна ликвидација на компании.

Потоа од потребата за имплементација на препораките од ДУИНГ бизнисот од 2008 заради подобрување на рејтингот на Република Македонија, како и од итна потреба за расчистување на состојбите се преостанатие не пренесени сметки од поранешниот Завод за платен промет во деловните банки, што се провлекува повеќе од 6 години.

Следен закон е Предлог за донесување по итна постапка на Закон за изменување и дополнување на Законот за градежни производи.

Овде се работи за измени и дополнувања во рамките на казнените одредби.

Наиме, Министерството за економија донесе повеќе од 200 стандарди и два правилника кои што треба да се имплементираат. Со оваа измена практично се одредува надлежноста на судот по одредени мерки и усогласување со казнените одредби.

Следен закон кој што Владата го предлага е Предлог за донесување по итна постапка на

Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини, со Предлог на закон.

Овој закон беше во собраниска процедура, дискутиран е на комисиите. Всушност со измените се очекува да се подобри начинот на добивањето на концесии за минерални суровини, а исто така во сегашниот закон не постои начин на давање на концесија за проширување, сега тоа се воведува и паралелно на Законот за техничка инспекција се воведуваат неколку членови кои што се битни за контрола на работењето на рудниците.

Од тие причини предлагаме да биде по итна постапка.

Следен закон е Предлог за донесување по итна постапка на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија, со Предлог на закон.

Овој закон исто така беше подолго време во собраниска процедура. Се работи за начинот на олеснувањето на влез-излез на трговска стока во Република Македонија. Тоа е едната измена што се предлага за упростувањето на поминувањето во Царината, а исто така и регулирањето на начинот на продажбата на алкохолот, што за овие две измени се земени искуства од Европа, од неколку европски земји и

во таа насока предлагаме да се донесе овој закон по итна постапка.

Следен закон е Предлог за донесување по итна постапка на Законот за престанувањето на важењето на Законот обезбедување и насочување на средствата за поттикнување на развојот на земјоделско производство и за компензација на цената на некои прехранбени производи,со Предлог на закон.

Овој закон предлагаме да се укине бидејќи никаде во Европа не постои и усогласувањето со европското законодавство не може да се врши ако постои овој закон. Затоа предлагаме да се укине, бидејќи смета на бизнис заедницата.

Следен закон е Предлог по итна постапка на Закон за техничка инспекција, со Предлог на закон.

За овој закон се користени нови методи, нов начин на техничка инспекција, користени се искуствата од европските земји и предлагаме овој закон по итна постапка затоа што има 50 до 60 подзаконски акти кои што треба да се донесат, а нема начин како да се донесат бидејќи нема законска регулатива за повикување за донесување на тие подзаконски акти, а едновремено се предлага и нов метод и начин на делување на техничката инспекција.

Со овој закон цениме дека ќе се подобри начинот на контролата на техничката инспекција. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, од нив 56 гласаа за, воздржани нема и 1 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали е некој воздржан? (Нема)

Дали е некој против? (Нема).

Констатирам дека по Предлогот на Владата вкупно гласаа 57 пратеници. Од нив за гласаа 56, нема воздржани и 1 е против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за градежни производи го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, од нив 57 гласаа за, воздржани нема и 1 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали е некој воздржан? (Нема)

Дали е некој против? (Нема).

Констатирам дека по Предлогот на Владата вкупно гласаа 58 пратеници. Од нив за гласаа 57, нема воздржани и 1 е против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, сите 58 гласаа за. Нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали е некој воздржан?

(Нема) Дали е некој против? (Нема).

Констатирам дека по Предлогот на Владата вкупно гласаа 58 пратеници. Сите 58 гласаа за, нема воздржан и нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, од нив 57 гласаа за, воздржани нема и 1 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали е некој воздржан? (Нема)

Дали е некој против? (Нема).

Констатирам дека по Предлогот на Владата вкупно гласаа 58 пратеници. Од нив за гласаа 57, нема воздржани и 1 е против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за престанување на важењето на Законот за обезбедување и насочување на средствата за поттикнување на развојот на земјоделското производство и за компензација на цената на некои прехрамбени производи го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници. Сите 56 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали е некој воздржан? (Нема)

Дали е некој против? (Нема).

Констатирам дека по Предлогот на Владата вкупно гласаа 56 пратеници. Сите 56 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за техничката инспекција го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници. Сите 59 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали е некој воздржан? (Нема)

Дали е некој против? (Нема).

Констатирам дека по Предлогот на Владата вкупно гласаа 59 пратеници. Од нив за гласаа 59, нема воздржани и против нема.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Според тоа за седницата го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Совет на Собранискиот канал.

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи.

3. Предлог на закон за постапување по претставки и предлози.

4. Предлог на Закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за семејството.

6. Предлог на закон за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај.

7. Предлог на закон за јавните патишта.

8. Предлог на Закон за водите.

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување.

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Закнот за трговските друштва.

11. Предлог на закон за финансиско обезбедување.

12. Предлог на закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на “Проектот за изградба на фискултурни сали”.

13. Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем по Проектот за подобрување на постоечката регионална и локална патна мрежа.

14. Предлог на закон за изменување на Законот за градежни производи.

15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини.

16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот трговија.

17. Предлог на закон за престанување на важењето на Законот за обезбедување и насочување на средствата за поттикнување на развојот на земјоделското производство и за компензација на цената на некои прехрамбени производи.

18. Предлог на заокн затехничката инспекција.

19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за чек.

20. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања.

21. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за доначна постапка.

22. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавен долг.

23. Предлог на закон за стоковни резерви.

24. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за лизинг.

25. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите.

26. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар.

27. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси.

28. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Предлагам точка 23 Предлог за донесување по итна постапка на Закон за стокови резерви, со Предлог на закон да биде точка 4, а точка 4 Предлог за донесување по итна постапка на Закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, со Предлог на закон да стане точка 5заради блискоста на темата која што обработуваат двата закони.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам, само тоа откако ќе го утврдиме дневниот ред, тоа е за промена на редоследот.

Претходно дали има некој за дополнување на дневниот ред.

Господин Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе, вие прочитавте дали има предлог за промена на редоследот, а вие прво треба да ...

**Трајко Вељаноски:** Не, за изменување и дополнување на дневниот ред.

**Андреј Жерновски:** Не, претходно го прочитавте тоа, а вие прво треба да го усвоите дневниот ред. Јас сакам денеска да ви објаснам зошто гласам цело време против, се надевам ќе ми дозволите.

Јас знам дека имате мнозинство во Парламентот, кое што сега е просто мнозинство, знам дека наскоро ќе имате мнозинство кое што ќе биде 2/3, тоа е се разбира легитимно, меѓутоа не е легитимно и не е во ред таа Влада која што е во заминување, која што самата себе си се прогласи за техничка Влада и која што вети дека до формирањето на новата Влада ќе дава во Парламентот, ќе предлага во Парламентот само т.н. технички закони, јас денеска на дневниот ред кој што вие го предлагате и кој што парламентарно мнозинство го усвојува едвај можам да најдам само неколку тн. технички закони. Особено по објаснување на претставниците на Владата кои што објаснија дека овде не само што не се работи за технички, предложените не се технички закони, туку се работи за дефакто парекселанс политички закони. На пример дали вие или парламентарното мнозинство сметате дека Рамковниот договор за заем помеѓу Република Македонија и Банката за развој при Советот на Европа е технички закон. Имено, треба на граѓаните да им објасниме дека овде не се задолжува Владата, не се задолжува ВМРО-ДПМНЕ туку граѓаните ќе го враќаат сето ова. Ова е се, само не технички закон. Сето ова не треба да го спречи опозицијата, туку прв кој што треба да го спречува сте вие почитуван претседателе, особено после вашиот говор каде што рековте дека ќе го вратите парламентот посебно на здрави нозе ..

**Трајко Вељаноски:** Колега Андреј Жрновски дали е ова процедурално.

**Андреј Жерновски:** Процедурална забелешка при што кажува...

**Трајко Вељаноски:** Затоа што вие земавме збор за измена и дополнување на предложениот дневен ред и не можеме времето да го промениме. Ако е процедурална имате три минути за процедура.

**Андреј Жерновски:** Ако го погледнете стенограмот вие прескокнавте, отидовте на измени на редослед, значи воопшто не го усвоивте.

**Трајко Вељаноски:** Во ред, продолжете.

**Андреј Жерновски:** Јас очекувам вие прв да го спречите ова, особено после вашиот говор овде во Парламентот, каде што ветивте дека ќе го вратите дигнитетот на Парламентот, јас ве цитирам, особено што овде имаме закони за кои што не само што се прескокнува цела фаза, што стана традиција, туку имаме закони што одат по итна постапка.

Значи, тн., техничка Влада предлага тн., технички закони што не се тоа, по итна постапка. Јас би ве замолил да вие реагирате на сето тоа, затоа што вие забележувате дека реагираат и амбасадорите во Република Македонија на овој начин на работа.

Нема потреба од брзање. Наскоро ќе се формира Владата и потоа ќе може на овј начин да работи Парламентот. Не смее да стане трдиција во Република Македонија да Влада во заминување предлага на Парламентот, се разбира парламентарното мнозинство би го усвоила, на овој начин да работи Собранието на Република Македонија.

Ако сакаме заеднички да ја оствариме желбата, вашата, мојата, нашата, да Парламентот биде коректив на извршната власт, тогаш би ве замолил ова да го спречите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Должам едно објаснување.

По ова прашање на претходната седница, тога беше Трета седница, го расчистивме и од моја страна имав објаснување зошто сметам дека е согласно Уставот и законите. Вие тогаш не бевте присутни. Но, имате право тоа да го поставувате како прашање.

Секој предлог на закон што е доставен од овластен предлагач, а Владата е овластен предлагач, должен сум, согласно Деловникот, да го ставам на дневен ред, за што Собранието треба да се произнесе. Собранието го има крајниот збор и Собранието е тоа што на крајот одлучува дека тие закони се по итна постапка и треба да се разгледуваат.

Затоа не гледам што од моја страна е прекршено за да можам, единствено ако не го ставам на дневен ред, тогаш јас го кршам деловникот и законите.

Со оглед на тоа дека нема предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, од нив за гласале 60, воздржан нема, против 11.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за, молам да крене рака?(Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има некој против? (Нема)

По предложениот дневен ред вкупно гласале 71 пратеник, од нив за гласале 60, воздржани нема, против 11 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Со оглед на тоа што пратеничката Силвана Бонева, односно пред да го ставам на гласање предлогот на Силвана Бонева, тоа беше точката 23 да биде точка 4 и сите наредни точки после да се поместат надолу, со оглед на поврзаноста на двата закони. . .

(Дофрлање од место)

Да, дали има поддршка од 10 пратеници за предлогот?

(Пратеници креваат рака)

Со оглед на тоа дека има поддршка, предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, за гласале 60, воздржани нема, против 9.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за, молам да крене рака?(Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има некој против? (Нема)

По предлогот вкупно гласале 69 пратеници, од нив за гласале 60, воздржани нема, против 9 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот.

**Минуваме на точката 1. - Предлог на одлука за изменување на одлуката за основање на Совет на Собранискиот канал.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријаени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлукат го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, сите 67 гласале за, воздржани нема, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на одлуката со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака?(Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има некој против? (Нема)

По Предлогот на одлуката вкупно гласале 67 пратеници, од нив за гласале сите 67 пратеници, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на одлуката за основање на Совет на Собранискиот канал.

**Минуваме на точката 2. - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има зборт господин Михајло Маневски, министер за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани дами и господо пратеници, Законот за облигациони односи е системски закон и е еден од најзначајните закони со кои што се уредуваат прашањата на прометот на стоки и услуги.

Република Македонија, со своите напори за евроинтеграција се стреми да создаде услови за непречено одвивање на прометот на стоки и услуги. Измените и дополнувањата на овој закон се едни од најзначајните чекори што ги прездема Република Македонија за нејзина економска, европска, интеграција, со Европска унија. Сакам да ви кажам дека Законот се усогласува со неколку директиви што се однесуваат на неколку значајни прашања: Директива за одговорност за неисправни производи, Директивата на Советот

на Европа за нечесни одредби во потрошувачките договори, директивата за спречување на задоцнето плаќање во комерцијалните трансакции, Директивата за координацијата на законодавството на земјите членки за самостојните трговски застапници, со неколку начела, како што се Начелата на европското договорно право (Ландо начела) потоа Начелата на Европското право за надомест на штета и другите начела што се содржани и вградени во Предлогот на законот, а тоа можете да го видите и во Кореспондентната табела што е составен дел на овој закон.

Би се осврнал само на неколку најзначајни прашања што се однесуваат на измените и дополнувањата на овој закон.

Најпрво, тоа се општите одредби. Во општите одредби се воведуваат неколку нови основни начела, како што се начелата за заштита на личните права, начелото на правичност и начелото на забрана на самовласна заштита на правата.

Втора работа што се уредува со Законот, тоа се одредбите за општите услови на договорите што се усогласени со Директивата 93/13/ЕЕЗ. Конечно, со овие измени, за прв пат во македонското право јасно и изрично е утврдена правната и деловна способност на физичките лица. Особено се битни интервенциите за уредување на моментот на стекнување ограничена деловна способност и воведување на полноважност на договорите за деловно неспособните лица, што се од помала важност. Имајќи ги предвид решенијата на Првата директива на Советот на Европа, напуштена е ултра вирес теоријата за правната способност на првните лица.

Трето кај одговорноста за штета, мислам дека најнапред треба да се каже дека се уредени облиците на вина што со Законот се претпоставуваат односно што Законот ги претпоставува кај субјективната одговорност и се даваат законски дефиниции на опасна ствар и опасна дејност. Кај посебните случаи на објективна одговорност за штета, се воведува одговорност за штета нанесена од животни и одговорност за штета од градеж, кои што до сега не беа правно регулирани во нашот правен систем. Исто така, во Законот за облигациони односи се уредуваат и прашањата за одговорноста на штета за неисправен производ, што е усогласен со Директивата 85/374/ЕЕЗ и Директивата 99/34/ЕЕЗ. Системот на одговорност за нематеријална штета е целосно реформиран. Имајќи го предвид новововеденото начело за заштита на личните права, при што целосно се кореспондира со меѓународните стандарди за заштита на личните права. Уредено е и прашањето на втасаноста на паричниот надомест за повреда на личните права, односно парична сатисфакција.

Четврто, законот предвидува, би рекол можеби и најзначајни измени во овој дел, а се однесуваат на прашањето на затезната и на договорната камата. Кога станува збор за реформа на системот на затезна камата, појдовна точка е Директивата 2000/35/ЕЕЗ. При тоа направени се некоку покрупни измени што значат целосна реформа на системот на стапката на затезната камата. Најнапред, се напушта терминот “затезна камата” што е заменет со терминот “казнена камата”, со цел да ја одрази нејзината суштина како казна, односно како санкција за задоцнетите плаќања на должникот. Основа за пресметка на ставката на казнената камата не е повеќе есконтната стапка на Народната банка на Република Македонија, туку референтна каматна стапка на основниот инструмент на операции на отворен пазар.

Петто, на полето на посебниот дел од Законот за облигационите односи, кај посебните договори, мислам дека треба да се нагласи прашањето што се однесува на измените направени кај договорот за градење, каде е у редена одговорноста на надзорниот орган, одговорноста на надзорот.

Понатаму, во овој дел од законот целосно е усогласен со одредбите од Директивата на Советот 86/653/ЕЕЗ и конечно уследија и некои измени кај договорот за доживотна издржшка и договорот за отстапување на имот за време на живот.

Според се, мислам дека според измените на овој договор, можат да се заверат, не само во Судот, туку се дава можност да се заверат и на нотар.

Се работи за еден од најобемните закни во Република Македонија, закон кој има околу 1200 членови и секако дека овој закон постојано се усогласува со најновите нормативи и стандарди на Европска унија. Со овие измени законот станува целосно компатибилен, со директивте, нормите и основните начела на Европска унија.

Ви благодарам на вниманието и Ве молам да го разгледате и донесете овој закон.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Дулиќ Благородна, повелете.

**Дулиќ Благородна:** Благодарам господине претседателе.

Го искажувам личното задоволство од проектот што е денеска на дневен ред, односно измените во Законот за облигациони односи, а мислам дека со тоа го искажувам и задоволството на договорните странки во облигационите односи, како и на судиите кои постапуваат по овој закон.

Поранешниот закон за облигациони односи што беше донесен во 1978 година, во поранешна Југослвија, се применуваше се до 2001 година, кога од страна на нашето Собрание беше донесен нов закон за облигациони односи, што воглавно ги беше прифатил законските решенија од Законот од поранешна Југославија.

Во практицирање на законот, кој важеше за еден авангарден и добар закон во времето на донесување, сепак се покажаа доста слабости

што беа корегирани во праксата од страна на судовите, со донесување на бројни ставови за толкување на прописите, за решавање на одредени проблеми. Особено во однос на тоа што претставуваат непредвидените работи во договорот за градење, како да се пресметува висината на стапка на затезната камата, а посебно на договорната камата и во кои случаи ќе се применуваат добрите обичаи воспоставени помеѓу стопански субјекти и регулирани со узансите, посебни договори од областа на трговското право.

Според тоа, сето ова што сега се регулира со Предлогот за измена и дополнување на Законот за облигациони односи, мислам дека претставува задоволство за сите учесници кои практикуваат и кои се надлежни да одлучуваат во спорни прашања при создавање на облигационите односи.

Особено би истакнала дека е добро решението за утврдување на поимот “трговски договор”, со што се инкорпорирани два елементи, субјективниот и објективниот, за разлика до сега што како трговски договор се сметаше да сите договори што се заклучени помеѓу трговските друштва, односно субјектите што се занимаваат со трговија, односно, по Законот за трговски друштва.

Понатаму, мислам дека е многу добро решението за разграничување на тоа што претставува правна способност и деловна способност за отстранување на дилемите за полноважноста при искажување на волјата за заклучување на одредени облигациони договори помеѓу субјектите, како на правните лица, така и на физичките лица.

Одговорноста по основ на вина и одговорност по основ на зголемена опасност по ствари и дејствија, односно субјективна и објективна одговорност во областа на надомест на штета, исто така е многу значајна област што на јасен начин ја дефинира одговорноста и товарот на докажување на штетата од страна на причинителот на штетата, односно на оштетениот.

Со особено задоволство истакнувам дека решенијата по однос на каматата, на затезна и договорна, односно затезна во случај на доцнење во исполнување на парична обврска и договорна, како цена на капиталот при склучување на договорите за заем, односно договорите за кредит, со престанување на Законот за висината на стапката за затезна камата што е предвидерна во завршните одредби на предложениот проект е за поздравување, со оглед што висината на стапката на затезната камата кај судовите секогаш било спорно прашање и прашање на усогласување, со оглед на тековите во стопанството и со оглед на тоа на важноста на прашањето во однос на висината на стапката и договорната камата.

Корекциите во договорот за продажба, во договорот за градење, во договорот за отстапување на имот за време на живот, исто така се забележителни, со тоа што во договорот за продажба, во односот на продавачот и производителот, за неисправно функционирање на стварите, со предвидување на солидарна одговорност на овие субјекти е во интерес на оштетениот, а во однос на договорот за градење, дефиниција за непредвидливи работи што досега беа навистина спортни во утврдување на споровите за плаќање на тие работи што до сега се дефинираа како итни и непредвидени работи.

Го поздравувам и тоа што во договорот за остапување на имот за време на живот е предвидено задолжително предупредување на отстапителот на правото на имот на плодоуживање за време на неговиот живот, со тоа што на ваков начин ќе се спречи да отстапителот, во случај на влошени односи со лицето на кое му е отстапен имотот, да останат на улица, односно да го задржат правото на плодоуживање, односно користење на имотот додека трае нивниот живот.

Од овие причини нашата пратеничка група ќе го поддржи овој закон целосно и го поздравуваме неговото донесување. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, за гласале 68, воздржани нема, против 1 пратеник.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за, молам да крене рака?(Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има некој против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласале 69 пратеници, од нив за гласале 68, воздржани нема, против 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи.

**Минуваме на точка 3 - Предлог за донесување по итна постапка на закон за постапување по претставки и предлози, со Предлог на закон.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по тескстот на Предлогот на законот.

Пратениците Горан Сугарески, Емилијан Станковиќ и Цветанка Иванова поднесоа амандмани на член 14 став 1 и на член 19 став 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1, поднесен од пратениците Горан Сугарески, Емилијан Станковиќ и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Михајло Маневски , министер за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Амандманот кој е поднесен од пратениците не го прифаќам од причини што прашањата што ги уредува Законот во членот мислам дека сосема јасно и недвосмислено се уредени и мислам дека интервенцијата што се прави во овој дел не е основана. Јас само сакам да кажам неколку напомени во врска со сето ова. Мислам дека овој закон регулира едно уставно право. Токму од овие причини, бидејки се работи за закон кој што е во втора фаза, мислам дека сите забелешки што беа дадени, беа вградени, амандманот не го прифаќам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Сугаревски Горан, повелете.

**Горан Сугаревски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Во членот 14 став 1 зборовите "ќе го известат за тоа овластениот орган", се заменуваат со зборовите "ќе покренат иницијатива до надлежниот орган". Амандманот го поднесуваме од причина што сметаме дека поцелисходно решение би било органите кои при постапувањето по претставките и предлозите оценат дека треба да се разгледа потребата и оправданоста за донесување на нов односно за изменување и дополнување н апостојниот Закон или друг пропис или акт. Наместо за тоа, треба да стои само "да го известат надлежниот орган". Тие самите треба да покренат иницијатива до надлежниот орган за донесување на нов односно за изменување и дополнување на постојниот пропис или акт. Исто така, со амандманот предлагаме и терминолошко усогласување на термините овластен орган и надлежен ореган. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, од нив за гласаа 13, воздржани нема, против 49 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници од Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (нема никој).

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По амандманот вкупно гласаа 62 пратеници, од нив за гласаа 13, воздржани нема, против 49 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14 став 1 поднесен од пратениците Горан Сугарески, Емилијан Станковиќ и Цветанка Иванова.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 2, поднесне од пратениците Горан Сугарески, Емилијан Станковиќ и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Михајло Маневски , министер за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Овој член 19 став 2 точно го уредува прашањето дека податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите се доставуваат секои 6 месеци до Министерството за правда, со оглед на тоа дека до сега никој во државава не знаеше ни колку претставки се поднесени, ни за што се поднесени, а практично се создава можност да се води евиденција, да се води сметка и да се водат статистички податоци за вкупниот број на поднесени претставки, за постапувањето на органите и за тоа во која мера се основани, во која мера се неосновани. И, не гледам причина да го усвојам амандманот. Од тие причини мислам дека амандманот не треба да биде усвоен.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Сугаревски Горан, повелете.

**Горан Сугаревски:** Во членот 19 став 2 точката на крајот од текстот се брише и се додаваат зборовите "и до Народниот правобранител на Република Македонија". Со одредбите на членот 19 став 2 од Предлогот на закон, утврдена е обврска за органите кои постапуваат по претставките и предлозите, да доставуваат извештаи и до Министерството за правда за податоците што се однесуваат на постапување по претставките и предлозите. Со амандманот предлагаме да се утврди обврска наведените извештаи да се доставуваат и до Народниот правобранител на Република Македонија. Имеајќи ја превид надлежноста на Народниот правобранител, цениме дека на овој начин на истиот ќе му се овозможи да ги следи состојбите во врска со постапувањето по претставките на граѓаните од страна на органите утрдени со овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, од нив за гласаа 12, воздржани нема, против 50 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници од Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (нема никој).

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По амандманот вкупно гласаа 62 пратеници, од нив за гласаа 12, воздржани нема, против 50 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 19 став 2 поднесен од пратениците Горан Сугарески, Емилијан Станковиќ и Цветанка Иванова.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Збор има господин Сугаревски Горан, повелете.

**Горан Сугаревски:** Благодарам претседателе,

Уставно право на секој граѓанин е да поднесува претставки до државните органи и од нив да добие одговор. Впрочем тоа го цитира и член 24 од Уставот на Република Македонија, каде вели "секој граѓанин има право да поднесува претставки до државните органи и други јавни служби и на нив да добие одговор. Граѓанинот не може да биде повикан на одговорност, ниту да трпи штетни последици изнесени во претставките, освен ако со нив не сторил кривично дело". Оваа материја до сега беше регулирана со Закон во далечната 1977 година. Тоа беше Закон за постапување по претставки и предлози, кој на два пати е менуван во 1989 и во 1990-та година. Овој закон требаше да се донесе порано, бидејќи 17 години во правниот систем не треба да има закони од поранешните држави. Во овој закон позначајни новини нема. Како и секој закон и овој Закон може да биде и подобар. Но, моја забелешкакако правник која сакам да ја истакнам е да се разграничат постапките и санкциите во врска со настанатите штети на граѓаните, како и непостапувањето или ненавременото постапување по претставките. Исто и во овој дел би сакал да ја посочам улогата на Народниот правобранител која произлегува од овој закон, а исто така имавме и амандман во врска со овој закон, во врска со Народниот правобранител. И покрај одредени забелешки кои пратеничката група на СДСМ ги има по овој закон, пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За збор се јави Дулиќ Благородна, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Се јавувам за збор да дадам целосна поддршка на овј закон во кој што е разработена една уставна одредба за која што зборуваше колегата за правата на граѓаните, за реагирање во однос на работата на администрацијата и посебно го поздравувам од причини што со донесување на овој закон гледам еден коректив од страна на граЃаните врз работењето на администрацијата целосно, што ќе овозможи активна улога на граѓаните во остварување на индивидуалните права кои што се решаваат пред управните и судските органи. Од овие причини нашата пратеничка група дава целосна поддршка на овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по тексто на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници од Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (нема никој).

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По предлогот на законот вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за постапување по претставки и предлози.

**Минуваме на точка 4 - Предлог на закон за стоковни резерви.**

Предлогот на закон ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Потребата од донесување на законот за стокови резерви и усогласување со европското законодавство, поточно со директивите на Советот Европската унија, ја регулира оваа проблематика. Промената на досегашниот концепт на менаџирање и управување со стоковните резерви произлегува од повеќе причини, меѓу кои посебно се издвојуваат следните како позначајни.

Прво, формирање на стоковни резерви со производи кои се од витален интерес за животот на населението во случај на воена, вонредна состојба, елементарни непогоди, како и поголеми нарушувања во стопанството кои по обем, количество и видови во целост ќе одговорат за целите за кои се формираат.

Второ, промена на постојната законска регулатива во поглед на формирање, обновување и користење на стоковните резерви, со која ќе се

овозможи издвојување на нафтените деривати под надлежност на посебна институција и прецизно дефинирање на стоковните деривати и начинот и условите на нивно користење.

Основна карактеристика на новиот закон за стоковни резерви е ставањето нагласок на основната мисија на стоковните резерви во функција на нивно користење исклучиво при поголеми нарушувања на пазарот предизвикани од природни ид руги несреќи од поголем обем и во услови на војна.

Формирање на агенција за стоковни резерви како орган на Државната управа која со својата работа директно одговара пред Владата. Доверливиот карактер на стоковните резерви ќе се подигне на повисоко ниво. Ќе овозможи поголема ефикасност во донесувањето и спроведувањето на одлуките, што од друга страна ќе придонесе за намалување на злоупотребата на стоковните резерви.

Уставната одредба Собранието да одлучува за резервите на државата се исполнува со тоа што на Собранието му е оставена можноста да го определува составот и структурата на стоковните резерви.

За управување со резервите на нафтата и нафтените деривати ќе се формира дирекција за задолжителни резерви како самостоен орган која за својата работа ќе одговара пред Владата на Република Македонија.

Суштинска промена на концептот на менаџирање со резервите на нафта и нафтени деривати е начинот на формирање и чување на истите, поточно формирањето ќе се врши со средства од надомест кој го плаќаат увозниците и производителите на нафтените деривати, за разлика од досегашното издвојување на средствата од Буџетот на Република Македонија.

Заради подготовка на рационален и поефикасен систем на управување со стоковните резерви во земјата извршена е анализа на концептите и системите на управување со стоковни резерви од други земји членки на Европската унија и тоа Република Бугарија, Словенија, Полска, како и во земји од кои се очекува дека во скоро време ќе станат членки на Европската унија како на пример Хрватска. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, се јавив за збор по однос на овие два закони се со цел малку да укажам на некои свои видувања околу решенијата кои се предложени во законот. И во овој случај се работи за предлози на закони кои што се донесуваат по итна постапка и притоа се прават одредени грешки, јасно стои и во Предлогот за донесување по итна постапка на закон за стоковни резерви, каде што во членот 2, во членот 8, а мислам дека имаше и уште еден член, уште стојат нафтените деривати како стоки кои што ќе останат во надлежност на Агенцијата за стоковни резерви. Мислам дека тоа е добро регулира се со цел, бидејќи наредната точка ни е токму одвојувањето на стоковите резерви на нафта и нафтени деривати во посебен орган, кој што ќе биде исто така во надлежност на Владата.

Втора работа, околу која што сакам да дискутираме, тоа е улогата на Собранието при утврдувањето на програмите за управвување со стоковите резерви. Во Законот за стокови резерви стои дека Собранието ја донесува среднорочната програма за управување со стоковните резерви, а додека во Законот за управување со нафта и нафтени деривати Собранието нема никаква улога. И таму исто така е предвидено управувањето да се врши врз основа на среднорочни и годишни програми, но во вторит закон каде што се задолжителните резерви на ната и нафтени деривати Собранието нема никаква улога, не знам од кои причини, а друи мислам дека беше добро, бидејќи Годишната програма за управување со стоковните резерви ја носи Владата и истата да биде доставена и до претставниците на Собранието, затоа што се работи за значајни одредби.

Друга работа која што исто така ми смета е формирањето на агенција за стоковни резерви односно надлежностите на директорот како овластено лице. Тука дури не е предвидено да има ниту Управен одбор и мислам дека многу голема власт му се дава на директорот, затоа што буквално тој ќе ги потпишува актите за организација и систематизација на работењето на агенцијата и сите други неопходни работи за функционирање на агенцијата , без при тоа да побара одобрување од било кој надлежен орган или да има контрола, што буквално упатува на одредени сомневања дека овој директор со вакви овластувања може кога сака, како сака да ја менува систематизацијата, организацијата на работата на агенцијата, без при тоа да има било каква контрола врз неговото работење. Тој е должен да доставува до Владата одредени извештаи но во тие извештаи прашање е дали тој ќе објаснува како му работи агенцијата во делот на персоналниот состав или како ги извршува обврските согласно управувањето со стоковните резерви.

Исто така, во членот 24 правото и инспекторите и овластените лица во вршењето на контролата и инспекцискиот надзор имаат право да влезат во просториите на складиштарите, без оглед на работното време во нивно присуство и без нивна дозвола. Мислам дека нема потреба од вакви одредби да стојат во законот, едноставно Владата им дава на инспекторите овластувања кога сакаат, каде скаат да влегуваат без претходна можеби најава, иако чувањето на стоковните резерви ќе биде уредено со договор и ако има одредени злоупотреби, се водат судски постапки околу управувањето со стоковните резерви, спека мислам дека таквото право без

дозвола да се влегува, дури и без налог е навистина малку симптоматично да стои во законот. Исто така и правото во членот 23 став 2 да се врши увид во деловните книги на складиштарите за мене е сомнително дали токму така треба да биде дефинирана оваа одредба. Значи, гледајќи ги паралелно двата закони, Законот за стоковни резерви и Законот за задолжителни резерви за нафта и нафтени деривати, можам да заклучам дека вториот Закон, веројатно затоа што го носи предзнакот на Европската унија нуди поиздржани решенија. Тука е предвидено да се формира дирекцијата, но не ми е јасно зошто се различни називите на органите. Еднаш е предвидено агенција, а со вториот закон е предвидено дирекција, но во суштина ќе вршат иста работа односно ќе се грижат за стоковите резерви. Тука во Дирекцијата за управување со нафтени деривати е јасно определено дека ќе има Управен одбор кој што ќе го контролира директорот и на некој начин ќе овозможи поголема одговорност во неговата работа. Членовите на Управниот одбор, за жал повторно сите се од редот на Владата, освен еден претставник кој го предлага Регулаторната комисија за енергетика, што повторно значи дека ќе бидат определени партиски личности за овие позиции.

Би сакал, до колку министерот има волја да одговори зошто стратегијата за управување, среднорочната за управување со стоковните резерви за нафта и нафтени деривати не ја донесува Собранието на Република Македонија како што е предвидено со Законот за стоковни резерви. Инаку, за вториот закон сигурно дека треба да ја дадеме нашата поддршка и во таа насока би апелирал до колку министерот сака да одговори на овие мои забелешки. Блгодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави министерот за финансии, господинот Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** На кратко да одговорам на неколку прашања од забелешките на пратеникот Марјанчо Николов.

Не е грешка тоа што во Законот за стокови резерви се издвојува или се издвојуваат задолжителни резерви на нафтени деривати во посебна дирекција, не е грешка што во Законот за стокови резерви фигурираат деривати затоа што како стокови резерви ќе има и одредено количество на нафтени деривати за итни интервенции односно намени кои се предвидени со Законот. Имено, со овие закони ние ги следиме европските директивни каде што нафтените деривати ќе треба да бидат доведени до ниво на 90 дневна покриеност на потребите на земјата. Сепак за некои видови на интервенции во стоковите резерви ќе треба да имаат одредено количество на нафтени деривати за извршување на целта на стокови резерви.

Понатаму Агенција - Дирекција, на господинот Николов малку ќе биде тешко да му одговорам затоа што зборуваше за двата закони, а сега на дневен ред е точката 4.

Агенцијата за стокови резерви, имено директорот таму не ги носи актите за систематизација и огранизација туку тој ги предлага, како што стои во соодветниот член.

На крај да спомнам дека дилемата Дирекција-Агенција, произлегува оттаму што Агенцијата е државен орган и ќе биде финансирана со буџетски средства за стокови резерви, додека Дирекцијата за нафта и нафтени деривати исклучиво ќе се финансира од самофинансирање. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за предлогот, нема воздржани, нема против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 65 пратеници, од нив сите 65 гласаа за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за стокови резерви.

**Минуваме на точка 5 - Предлог на закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Кој бара збор?

Има збор пратеникот Игор Ивановски. Се извинувам не ве видов бидејќи системот малку доцни.

**Игор Ивановски:** Да, системот малку доцни, но за да не доцни преродбата јас повторно во следните пет минути ќе го одземам времето од портокаловата преродба за да може таа да продлжи понатаму, надградена и продолжена.

Би сакал да го искористам овој закон за да искажам неколку факти и работи кои за жал се случуваат во Република Македонија.

Жалам што Владата на Република Македонија, прашањето на менаџирањето на енергетските ресурси и воопшто енергијата на Република Македонија го третира како техничко прашање и за жал тоа ни се повтори на оваа седница.

Точно е дека овој закон е усогласување со директивите на Европската унија, затоа и ќе ја добие нашата подршка и тука нема ништо спорно, тие во добар дел се усогласени целосно, некои од нив и делумно. Но, она што Владата на Република Македонија во изминатите месеци воопшто не го тангираше како тема, тоа е огромниот проблем на македонските граѓани, со екстремно скапите енергетски ресурси.

Во образлагањето на итноста на овие закони, министерот за финансии меѓудругото рече дека овие два закони се поврзани со Законот за енергетика. Мене не ми е јасно со кој закон за енергетика се поврзани, дали оној закон што Владата инсистираше да биде донесен пред Нова година па после го заборави и воопшто не е донесен, или со некој друг Закон за енергетика кој има план да го донесе понатаму.

Да го потсетам министерот пратеник, пратеникот министер, се едно господинот Славески, дека Законот за енергетика ова Собрание не го донесе. Според тоа, можеби би требало да објасни во која врска или со кој закон за енергетика ги става овие два закони, бидејќи тоа го искажа пред еден час на оваа собраниска седница.

Втората работа е што нема држава во светот која не превзема некакви мерки за ублажување на енергетската криза. Кога Владата вели дека и инфлацијата и последиците се увезени од надвор, точно е само во 5%, тоа е , бидејќи Македонија е во 100% увозник на нафта и нафтени деривати. За жал, Македонија станува се поголем увозник и на струја заради неспособноста и заради проблемите кои намерно се случуваат во произвостениот сектор на електрична енергија, но тоа е друга тема и за тоа ќе дискутираме веројатно понатаму.

Она што Владата во овие 2 години, а гледам дека и во следниот мандат нема намера да го направи, тоа е како да го ублажи, бидејќи целосно не може да го санира, но како да го ублажи нафтениот шок што во континуитет се случува. За жал, не можам, а да не ја потсетам јавноста и граѓаните на две изјави од врвните економисти во Владата на преродбата. Едниот е тука меѓу нас, господиниот Славески кој во текот на кампањата им порача на граѓаните дека заради високиот износ или скапата нафта и нафтени деривати или да седат дома, или да се возат со автобуси. Втората изјава е уште потрагична, таа е на неговиот колега од економскиот тим, преродбениот секако, на господинот Ставрески, кој велеше дека не сака Владата воопшто да размислува за намалкување на ДДВ од 18 на 5%, или акцизата на нафата и нафтените деривати, бидејќи, замислете, на тој начин ќе го стимулирал производството на земјите членки на ОПЕК. Македонија што годишно троши 300 илјади тони нафта и нафтени деривати, големата држава, со пет танкери годишно. Тоа го покажува нивото. За жал, колку човек да не сека да користи цинизам, тој цинизам го користат министрите во Владата. Литар нафта, литар супер, литар безоловен бензин достигна фрапантни износи во Република Македонија. Резултатите од тоа е намалениот стандард на граѓаните и домашниот буџет. Резултети од тоа се зголемените цени на сите производи, бидејќи Македонија како енергетски зависна држава ја вкалкулира нафтата како енергенс и како составен дел на формирањето на производната цена за после две години да добиеме така наречен пакет од 8 мерки од кои никој нема ќар, народски кажано. Намалување на патарини. Луѓето се помалку возат автомобили, според тоа помалку имаат потреба од патарини или ветување за намалување на регистрцијата на возилата за 30%, за да на крај, како што велат медиумите, 5% е реалното намалување и тоа пак како мерка, бидејќи луѓето се повеќе се откажуваат од автомобилите, аналогно на тоа не им треба ни регистрација на автомобилите. Или пак, намалување на трошоците за купување на возила со хибриден погон кои чинат најмалку два пати од автомобилите на класичен погон, во истата класа. Македонскиот граѓанин има проблем со купување на производите на потрошувачката кошница, а не пак да купува хибридни автомобили и пратеникот министер ќе рече за тоа ќе дискутираме кај законот за акцизи каде има еден таков предлог за намалување на таа акциза. Може на граѓаните да им даваме по 3 илјади евра да купуваат хибридни автомобили, тоа нема да им помогне и нема да ги натера да купуваат такви автомобили. Зошто го велам тоа. Го велам бидејќи на Македонија покрај техничкото усогласување на Законот за чување на нафта и нафтени деривати, кој ќе го подржиме, ќе гласаме за него и треба сериозенх одговор на проблемите што настанаа и кои ќе продолжуваат и понатаму во делот на поскапувањето на нафтата на светските пазари.

Кога пред 8 месеци на пратенички прашања го упатив ова прашање до пратеникот минситер Ставрески дека нафтата во тој момент беше 96 долари за барел и дека таа ќе отиде над 100, тој се смееше и рече нема теорија за такво нешто. Јас не кажав ништо спектакуларно. И малите деца знаат дека нафтата ќе расне и понатаму. Тогаш беше 96 долари по барел, сега е 146. Повеќе од 150% е зголемена нафтата во претходниот мандат на ВМРО-ДПМНЕ, а инфлацијата ни е отидена над нивото од 10%.

Во пероидот на 2002 - 2006 година нафтата се покачи 250% тогаш СДСМ беше на власт, но инфлацијата се одржуваше на 3%. Ова го велам бидејќи Владата мора да ги прифати ако не барањата на СДСМ тогаш барањата на експертите кои што исто така го потврдија барањето на СДСМ предложено во форма на закон дека е потребно временско, за одреден период, намалување на ДДВ-то од 18 на 5% за барем за одреден временски период да се намалат трошоците за купување на нафта и нафтени деривати, а во таа смисла...

**Трајко Вељаноски:** Колега Ивановски, за законот ако може, овде е Закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

**Игор Ивановски:** Па така е, јас зборува за нафта и нафтени деривати.

**Трајко Вељаноски:** Па добро, сега збориме по текстот на законот, а не за цената на нафтата.

**Игор Ивановски:** Па тоа е поврзано. Ме разбира министерот, тоа што не го прифаќа решението тоа е друго.

**Трајко Вељаноски:** Ве молам продолжете по текстот на законот.

**Игор Ивановски:** Во таа смисла, мислам дека Владата мора итно да го намали ДДВ-то и даночното оптоварување кое што е 50% од еден литар, или од 76 денари 38 оди спрема државата и на тој начин да помогне и на државата и на фирмите и на формирањето на цената на производите.

Кога веќе станува за чувањето на нафтата и нафтените деривати станува збор овој момент за задолжително, и тоа е добро и ќе го подржиме, но еден наш предлог кој што исто е во таа смисла Владата го одби, а тоа беше за интервентрен увоз на нафта и нафтени деривати по постоечката цена на тој начин што ќе се превенираа евентуалното покачување, а не евентуалното тоа веќе станува сигурно поскапување на нафтата на светските берзи. Тоа го правеа и побогатите економии. Да се купи одредена количина на нафта, сурова нафта по актуелна цена во тој период и да се пушти во производство во договор со производителите, имаме само еден, за да се превенира и да се направи еден просек на продажната цена на нафтата и нафтените деривати за период од 3 до 4 месеци. Тоа Македонија во овој момент може да си го овозможи. Тоа го предалгавме кога нафтата беше 96 долари за барел, сега е 146 таа ќе отиде во следните два месеци до 160 - 170 долари за барел.

Ако се купу сега нафта и се овозможи таа понатаму по таа производна цена купечка цена се стави во производството ќе се одржи барем за одреден временски период пониска цена на нафтата и нафтените деривати и ќе се направи една апроксимација за да не отидат цените на производите уште повисоко. Но, тоа се механизми кои Владата не сака да ги прифати, тие не се измислени ниту од СДСМ, ниту од некој друг, тие се практикуваат во државите. Така се направи во периодот во 2002-2004 и се спречи покачување на цената на нафтата, така се направи и со интервентен увоз на пченица, тоа е поврзано со претходниот закон, што исто така го предлагавме во месец октомври 2007 година кога пченицата беше сепак на разумно ниво и кога ја имаше во регионот, пред Србија да донесе забрана за извоз на пченица. Затоа сега во Македонија пченицата е извонредно скапа, затоа што на време не се мислеше.

Овој разговор во моментот може, претседателе, ќе ви изгледа дека е надвор од темата, но кога ќе разговараме за 6 месеци кога нафтата ќе биде уште поскапа кога пченицата ќе биде уште поскапа. Ако на време се донесат тие мерки колку толку ќе влијае на ублажување на ценовниот шок. Тоа е апсолутно корисно и потребно и тие механизми дури ги прави една Јапонија која што е втора светска сила во светот економска, тоа го предложи и францускиот претседател во име на Европската унија за намалување на ДДВ-то од нивните 19% во Европската унија на некоја граница на која што тие ќе ја утврдат. Македонија може да ги донесе тие мерки како што ние ќе ги подржиме овие два закона бидејќи се добри и со усогласување со Европската унија, може Владата да ја симне куната и да рече прифаќам еден предлог, нека рече тоа се на експертите предлози итн, не мора на опозицијата, ќе се откажеме од тоа право, не е ни наше впрочем, но само да влијае на подобриот стандар на граѓаните и развој на економијата.

Да резимирам. Ќе гласаме за овој закон и очекуваме и во иднина да отвориме сериозна дебата за енергетската состојба во Република Македонија, посебно имајќи го во предвид очекуваното зголемување и понатаму на цената на нафтата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Со оглед на тоа дека времето истече, давам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,12 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

За реплика се јави пратеникот Мукоски Крсто, повелете.

**Крсто Мукоски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Би сакал да реплицирам на излагањето на мојот колега господинот Ивановски и да одговорам на неговото тврдење и на неговото излагање бидејќи мислам дека доста работи преку неговото излагање ги искривуваме, искривуваме одредени факти и вистини кои се однесуваат пред се на ценовниот шок предизвикан од порастот на цената на нафтата, иако мислам дека почитуваниот колега се држеше надвор од темата и предложениот закон. Сакам да упатам на неколку работи.

Прво, генерално проблемот со ценовниот шок што се предизвика со порастот на цената на нафтата е светски проблем и тој проблем ги тангира економиите на сите земји во светот. Тоа не е проблем само во Република Македонија , сведици сме на заложбите и барањата за алтернативни извори на енергија, зголемено производство на нафта, дистрибуција на плин, препораки за користење на сончева енергија и се поголемото промовирање на хибридните машини. Тоа е првиот дел што генерално како проблем е од светски домен.

Второ, точно е тоа што го кажа претходниот колега, господинот Ивановски дека една од мерките за ублажување на ценовниот шок е намалувањето на ДДВ и на акцизите, меѓутоа, мислам дека од две причини Владата се одлучи да не го намали ДДВ и акцизите. Прво акцизите и даноците се проектирани врз основа на буџетот на Републиката и за секоја измена потребни се дополнителни консултации со ММФ и Светската банка и второ бидејќи представуваат како приходна страна на буџетот на Република Македонија , со нивното намалување јасно е дека ќе се оптовари буџетот и приходната страна,  што за сметка на тоа повторно на некој начин ќе ги оптовари на Република Македонија .

И трето, почитуваниот колега истакна дека Владата предложи повеќе мерки, меѓутоа многу паушално објасни но не објасни до крај и јас сакам да ги набројам.

Владата се заложи за ублажување на ценовниот шок и за проблемот кој ги тангира нашите граЃани и предложи конкретно 8 мерки кои пред се ги тангираат луѓето или граѓаните кои се најзагрозени од овој ценовен шок, а тоа се земјоделците кои се регистрирани кои се над 71.000 и големите превозници, транспортерите и камионџиите. Само накратко сакам да ги набројам:

Прво, се определуваат субвенции на земјодеците врз основа на количеството на нафта потрошено за еден ха, се намалува висината на цената за паркирање и користење на терминалите, се намалуваат повеќекратните услуги, значи со еден технички преглед се добиваат сертификати, троШоците на регистрација се  намалуваат, се намалуваат цените за регистрација на други возила, се намалуваат патарините од 20 до 30% и се промовира користењето на гас. Благодарам .

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Сосема накратко, за мерките на Владата мислевме дека покоректно ќе можеме од министерот да слушнеме, но добро, тоа е политика.

Имам два коментари. Прво, во финансиските средстав што ги пишува во законот се 15 милиони денари за првите 6 месеци од формирењето на Дирекцијата, а кои се предлага да бидат внесени во буџетот. Моето прво прашање е дали овие средства биле предвидени во Буџетот за 2008 година во кој дел и во која ставка се ако биле предвидени.

И второ прашање, и самата реплика на колегета потврди дека и те како е битен законот и има врска со немоќта на Владата  да се справи со ценовниот шок и со зголемувањето на цената на нафтата и нафтените деривати. Ако го прочитате образложението на овој закон, ќе ја видите суштината на законот, имено од буџетските средства со кои се обезбедувале условите за функционирање како админастративни така и содржински за чување резервите на нафта и нафтените деривати, се преоѓа во менаџирање поинакво со финансирање од страна увозниците на нафта и нафтени деривати. Ќе се согл;асите дека тие сега треба да издвојуваат дополнителен процент од својот труд, приход за да се овозможи ова. Затоа , колку што државата не ќе може да се справи со тој пораз на цената на нафтата и нафтените деривати, толку додавајќи дека нова давачка ќе треба да има во однос на Дирекцијата и обезбедувањето или законското барање од страна на Владата увозниците на нафта и производителите на нафтени деривати издојуваат пари за резервите на нафта и нафтени деривати тогаш цената и те како има уште една влезна компонентна во своето формирање. Затоа не залудно зборуваше и господинот Ивановски за немоќта на Владата и на политиката што ја кажува, а не ја во пракса. Колегата кажа дека не можело да се намали ДДВ на нафтата и нафтените деривати затоа што тоа било приходна страна во Буџетот, затоа што тоа и требало на Владата. Да, и треба Владата за нови реклами, за бесмислени огласи и за килави промоции, ама од тоа, од таквото нешто ниеден граѓанин нема аир и затоа се додека Владата не се реШи сериозно да се зафати со ценовниот шок со нафтата и нафтените деривати, граѓаните не ќе можат да го видат ефектот и нема да се решат, како што амандманот на Силвана Бонева да земат хибридна Тојота сега да возат, па со тоа да си ги решат маките кои чинат околу 40.000 евра. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господин Александар Николоски. Повелете.

**Александар Николоски:** Благодарам претседателе.

Имаме навистина интересна тема која треба да биде објаснета и презентирана пред јавноста, а имајЌи предвид дека сме на почеток на мандатот и имамае 4 години до новиот парламентарен состав, сметам дека нема потреба од популизам на едната и другата страна односно треба да се претставаат работите онака како што се реално за да можат граѓаните да се соочат со нив и да можат соодветно да размислуваат и наоѓаат полесен начин за подобар живот.

Прво, Предлогот на законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати е исклучително добра мерка која меѓу другото ја пишува во основните начела на кои се заснова законот и ќе придонесе покрај за прилагодување на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија и директивите на Европската унија и да се намалат штетните влијаниа предизвикани од недостиг и значително зголемување на цената на нафтените производи на меѓународните пазари со цел да се спречи предизвикувње на сериозни нарушувања во

економската активност на земјата. Исто така, да се усогласи принципот на формирање и чување на залиха на нафтени производи со земјите членки на Европската унија итн.

Би сакал најмногу да зборувам по овој дел на штетните влијаниа предизвикани од недостигот или значителното зголемување на цената на нафтата што беше дискутирано тука особено од колегата Игор Ивановски. Ние имавме редица предлози кои доаѓаа од СДСМ, би рекол конструктивни, во кои говореа како да се изнајде начин да стигнеме до пониска цена на нафтата, што вонредно значајна заради тоа што во моментот е светска криза број еден не само во Република Македонија туку е светска криза која што во моментот се случува и затоа сите решениа се добродојдени. Но треба да бидеме на чисто дали држат или не држат. Прво ќе кажам што мислам дека држи. Држи за тоа дека треба во овој момент да имаме што поголеми залихи и тие залихи да бидат употребени доколку тоа е потребно во соодветно време, имајќи предвид дека цената на нафтата ќе расте и понатаму. Тоа меѓу другото го бара и Европската комисија во своите заклучоци, тоа го вели и Комесарот за енергија на Европската унија дека е добро да се направи баланс меѓу производството на земјите кои произведуваат, за жал ние не сме таква, потрошувачката на земјата која потрошува, ние сме таква земја и третата работа , количините на резервите кои што постојат. Она што н**е** држи што е непифатливо тоа е предлогот за намалување на ДДВ-то кој што овде беше дискутиран, дискутиран беше и претходно и ќе ви кажам зошто. Најпрво ќе одам со европските директиви. Имено, Советот на Европската унија или Европскиот совет на својот состанок во Брисел на 19 и 20 јуни оваа година 2008 усвои таканаречени заклучоци на претседателството кои помеѓу другото во точка 37, ова е комлетната верзија на текстот, помеѓу другото во точка 37 вели во слободен превод дека Европскиот совет изразува загриженост во однос на недостигот на нафта и гас и се поголемото зголемување на нивните цени како и социјалните и економските консеквенци кои што ги имаат. Мерки можат да бидат разгледани кои што би имале различно влијание во различен период и кои што би овозможиле подобро снабдување со нафта и гас. Она што е клучно и кое што се однесува на предлогот вели отприлика во слободен превод дека обидите и политиките за да се интервенира преку намалување на даноците треба да бидат надминати или превенирани заради тоа што тоа понатака може дополнително да го зголеми шпекулациите што би се случувале со цената на нафтата. Ова е заклучок на Претседателството на Европската комисија и исто така во еден сличен заклучок кој што е од Комисијата на европските заедници, нели има Комисија која што ги опфаќа сите комисии, усвоено на 13-ти 06. 2008 година. Ова е тој извештај. Помеѓу другото директно Комисијата вели дека не треба да се интервенира во даноците вклучувајќи го и ДДВ за да се потикне преку тоа намалување на цените, односно да се потикне точно преведено заштедата на енергија. Зошто го велат ова вака? Беше коректно спомнато дека францускиот претседател Саркози предложи да се намали ДДВ-то, во различни земји е различна стапка, се оди на она привилегирана стапка, од едноставна причина што намалувањето на даноците може да испрати многу погрешен сигнал не само до производителите туку уште повеќе до потрошувачите. Она што долгорочно е лекот е да се направи заштеда во енергијата, прво и второ што е вонредно значајно да се оди кон алтернативни извори на енергија. Она што краткорочно може да се направи, заради тоа што ова не се прави за месец, два или три, е Владите да интервенираат преку други мерки кои што би биле расположливи и кои би се однесувале пред се за најсиромашните граѓани оние кои што се најмногу погодени. Тука на пример помеѓу другото велат повторно од Европската комисија, комесарот на Европската унија за енергија дека покрај тоа што треба да се зголеми ефикасноста на потрошувачката, да се чуваат залихи на нафта за во итни случаи и да се зголеми производството, секако и да има борба со шпекулациите кои што се случуваа на пазарот, треба да бидат помогнати оние структури кои што се најпогодени. Тоа Владата веќе го направи. Јас на велам дека има идеални мерки заради тоа што идеални мерки нема никаде во светот заради тоа што тоа е криза која што трае и којашто ќе продолжи да трае, но воведе мерки кои што сметам дека во моментов се вонредно значајни и кои ги погодуваат токму таквите категории. На пример: авто превозниците кои што секојдневно имаат потреба да пренесуваат стоки кои што практично заработуваат од превозот во кој што најзначаен дел има, покрај амортизацијата на возилата и цената на нафтените производи кои што ги трошат и исто така кај земјоделците со 300 милиони денари, округло околу 5 милиони евра, така што секој земјоделец зависно од површината на земјоделското земјиште кое што го поседува ќе може соодветно да добие субвенции коишто ќе треба како така тој таканаречен регрес на нафта да ги намали трошоците.

Ќе повторам, не велам дека ова се идеални мерки, но би сакал да потенцирам дека не треба да ја залажуваме јавноста заради тоа што дел од предлозите што се предлагаат се добри, но предлозите кои што исто така се предлагаат и се однесуваат на пакетот на даночни олеснувања, односно на барањето на намалување на акцизите и на барањето за намалување на ДДВ апсолутно не се препорачува од Европската Комисија, предлогот на Саркози беше одбиен и не само заради тоа што не се препорака за Европската комисија, туку лично се сомневам дека дури и да ги воведеме заради тоа што не сме член на Европската унија нема да придонесат значајно на намалување на цената на горивата,напротив.

И на крајот чисто заради јавноста, за да знаат граѓаните, неколку броеви на еминентниот “Волстрит Журнал” се занимаваат со светската нафтена криза и бараат различни причини и начини за решавање, говорат за тоа како се води битката за нови и алтернативни извори на енергија, но она што е најзначајно и би сакал да го прочитам во слободен превод е дека само во Кина пораснала продажбата на авомобили за 20% годишно, а оваа популација која има над 1,3 милијарди луѓе економски расте со околу 10% секоја година, додека 80% од нејзината индустрија е базирана на енергија, односно нејзината индустрија директно користи нафтена енергија за да се развива себе си. Факт е дека кризата со нафта не е домашна, не е македонска туку е светска и е предизвикана не само од намалувањето и недоволниот број на наоѓалишта туку и од брзиот економски развој особено на Кина и на Индија, предизвикана е и од неефикасното трошење на енергенсите и ние мора да соочиме, мора да сме свесни, да не ги лажеме граѓаните дека и во наредниот период е очекувано цените на нафтените производи да растат заради тоа што тоа е факт, тоа ќе се случува во светот и Македонија има минимално, можеби никакво влијание врз целата таа приказна. Следствено на тоа се зголемува и цената на електричната енергија од едноставна причина што тоа се сврзани садови и тоа е факт што се случува во светот. Владата прави максимум, во моментот го направи ова што можеше да го направи во однос на подршката на одредени категориии што се најдиректно погодени, треба да се работи и понатаму, законот може да е една од мерките, но да заклучам и да поентирам, сметам дека решенијата треба да се издржани, треба да се во согласност со директивите кои ги добиваме, но исто така во согласност со она што се реални потреби и да носиме такви предлози. Темата е премногу сериозна за да настапуваме популистички спрема неа, темата е премногу сериозна за да вадиме политички поени на неа, а уште повеќе ќе повторам како што почнав, дури и да сакаме да ловиме политички поени имаме почеток на четири годишен мандат кој што не ни го дава тој комформизам на тој начин да дискутираме.

Не сакајќи натаму да го одземам вниманието нема натаму подлабоко да навлегувам во причините и директивите кои се тука, но ќе повторам дека треба заеднички да работиме во насока на подобрување на условите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Николов Маријанчо.

Би апелирал до претходните говорници, последниот говорник, ние ја разработуваме светската политика во однос на производство и потрошувачка на нафта. Јас го видов овде законот, целите на законот се сосема друго, задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати. Не би сакал пратениците да ги повикувам на деловничките одредби, би ги замолил стриктно да се придржуваме кон текстот на законот. Тоа е мој апел, мислам дека треба да се придржувате.

Повелете за реплика господине Николов.

**Марјанчо Ников:** Благодарам претседателе.

Ми земавте дел од репликата, значи господинот Николовски толку опширно ни зборуваше за состојбата со светската побарувачка на нафта и нафтени деривати што веројатно ќе може да конкурира за некоја од берзите во светот како аналитичар, бидејќи очигледно добро му одат овие работи. Само не кажа како проблемот да го решиме во Република Македонија. Патем спомна дека Владата предложила одредени мерки со кои им помогнала на граѓаните да го ублажат нафтениот шок.

Меѓутоа, да бидеме искрени, времето ќе покаже дека се работи за минимални, да не речам, минорни мерки со кои Владата се обидува да покаже дека колку-толку нешто работи за да се ублажи оваа криза со цената на нафтата, а не дека суштински нешто се обидува да придонесе на ова поле.

Ќе дојде време ќе анализираме во Буџетот колку пари се прибрале по основ на ДДВ поради зголемената цена на нафтата, а колку Владата од тие екстра приходи се обидела да ги врати кај оние што платиле повеќе ДДВ поради високата цена на нафтата.

Дали, ако Владата собере 20 милиони евра, карикирам, да не се свати дека е вистина, дали 20 милиони евра или повеќе ќе ги врати на граѓаните, на фирмите и на кој начин. Дали ќе ја намалува патарината или на некој друг начин ќе помогне на фирмите да ја зголемат конкурентноста преку финансирање на одредени програми за поголема енергетска ефикасност.

Затоа сметам господине Николовски дека е многу подобро Владата да ги насочи мерките во вториот дел директно на им помага на фирмите да ја зголемат енергетската ефикасност преку воведување на алтернативни извори на енергија, а за граѓаните ако сакате да им помогнете околу увезувањето на возила кои трошат помалку и се еколошки оправдани, во тој случај треба подлабоко да се интервенира, а не да се ослободи акцизата, туку да се намали данокот кој го плаќаат.

Затоа сметам дека овие мерки кои вашата Влада ги предложи повеќе служат за шминка колку да се покаже дека нешто се прави за граѓаните отколку што реално ќе придонесат малку да се ублажи проблемот со високата цена на нафтата.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Повеќе како дополнување и појаснување, помалку како дискусија, бидејќи еднаш дискутирав.

Навистина не можам да разберам зошто на пример министерот не почувствува потреба да дискутира на оваа тема, се обидува во неа да ги вклучи луѓето кои немаат допирна точка со економијата, но тоа е одлука на пратеничката група на ВМРО, тука апсолутно не можам да се мешам, но сакам да појаснам неколку работи.

Првата работа е што со намалувањето на ДДВ од 18 на 5% ние како СДСМ или експертите од другата страна или транспортните претпријатија бараат само екстра разликата која е веќе прибрана повеќе од тоа што е проектирано да се врати назад. Или на новиот колега кој дискутираше да му кажам егзактно со бројки. Во јануари 2007 година Владата на Република Македонија  проектирала 94 милиони долари да зафати врз основа на постојната цена на нафтата тогаш. Во меѓувреме нафтата поскапела, само до ноември 2007 година се преземени или прибрани во Управата за јавни приходи 135 милиони долари или во превод 45 милиони долари повеќе. Ние само велиме овие 45 до тој месец до декември ќе бидат уште повеќе или на пример во мај 2008 година собрани се 150 милиони долари само за таа година. Разликата од овие средства вратете ја назад преку намалување на цената на еден литар од соодветниот дериват.

Бидејќи ваквите мерки на пример патарината се селективни, има луѓе што не возат автомобили, но купуваат поскапи производи, башка државата ќе биде дополнително оштетена, бидејќи дел од луѓето од ВМРО не плаќаат патарина, со ова намалување во маса на пари ќе има помалку.

Или на пример кај транспортните претпријатија намалувањето ќе биде многу минорно и на крај нема да се одрази со ефект. Она што се предлагаше во Европската унија има своја логика. Ние зборуваме за македонски пазар од два милиони жители со отприлика по моите информации, 300 илјади тони годишна потрошувачка. Францускиот претседател говори за внатрешен пазар од 500 милиони потрошувачи отприлика со огромни суми на потрешена нафта и ако таму се интервенира може да влијае на понудувачите на нафтата и нафтените ресурси. Во Република Македонија ние сме апсолутно до тој степен минорни што во вкупната потрошувачка во Европската унија се мериме во промили.

Но, она што е клучно прашање дали Владата може да помогне? Може да ублажи дел од негативните последици. Дали сака? Мислам дека не сака. Многу е лесно екстра приходите собрани од граѓаните да ги потроши на разно разни причини и потреби без притоа тоа да го направи на најдобриот можен начин во овој момент. Да се врати назад, ако сега 76 денари е еден литар нафта со намалувањето на ДДВ за краток временски период ќе дојде отприлика до 60 денари. Тоа ќе влијае на намалување на цените на производите. Ако се оцени дека тоа негативно влијае на буџетскиот баланс и ќе го зголеми дефицитот, тогаш може да се разговара и на поинаков начин, да се намали и да се воведе специјална стапка само за нафтата и нафтените деривати. Може да се реагира во делот на акцизата, но директно го бараме тоа за да едноставно се влијае во вкупната структура на цената на нафтата, бидејќи како што во овој момент се наоѓаме цената на нафтата експоненцијално ќе расте, на тој начин ќе се зголемува и во Република Македонија, а ние од друга страна ќе имаме помала побарувачка на нафта, цените ќе поскапуваат, вредноста на производите, производителите ќе мора или да ги намалуваат цените или да ја намалат понудата што во исто време дополнително ќе ја зголеми цената и влегуваме во еден магичен круг во кој има само една последица, а тоа се поскапи производи и понизок животен стандард.

Еве најдете еден транспортен превозник кој ќе рече ефектот на намалувањето на патарината или баждарината ќе му помогне во формирањето на цената на производите? Не. Впрочем тие го бараа намалувањето на ДДВ од 18 на 5%. Може да разговараме колку време тоа да трае. Вие велите нема да има ефект. Од каде знаете? Има ефект во овој момент само на екстра приходи на страната на Буџетот и Управата за јавни приходи тоа ќе го покаже ако се обистинат најавите дека ќе имаме ребаланс во Собранието на Буџетот, ќе видиме на приходната страна колку по основ на акцизи и по основ на ДДВ се зголемени приходите. Тоа министерот го знае во моментот, ние не го знаеме, бидејќи ги немаме пред себе пресметките. Меѓу другото ребалансот ќе се прави и заради тоа, но многу повеќе и заради зголемените расходи. Тоа ќе го видиме кога ќе дојде Буџетот. Но, апсолутно е јасно дека е тоа резултат само на екстра зголемување на приходите по основ на ДДВ за нафта и нафтени деривати. Ќе го донесеме законот, темата ќе остане, дебатата мора да продолжи со или без овој министер јас не знам, тоа е работа на мандатарот, но во секој случај ние и понатаму ќе иницираме конкретни законски решенија за ублажување на ценовниот шок бидејќи, за жал, тој ќе продолжи да постои и понатаму.

На крај ќе завршам претседателе, ако сите пратеници на ВМРО како по наредба велат увезена е инфлацијата или нема да влијае намалувањето на ДДВ-то кај нафтата врз основа на цените на производите зошто тогаш секој месец имаме зголемена инфлација? Значи, порастот на цената на нафтата директно влијае на цената на производите во Република Македонија затоа имаме сега во јуни месец зголемена инфлација во однос на мај. Таква ќе имаме и во јули, таква ќе имаме и во август. Прашањето е што ние како држава правиме? Онолку колку што можеме, не бараме семоќни решенија, бидејќи такви не постојат, но во оние рамки во кои државата може да влијае, тоа треба да го направи. За жал, Владата одлучува тоа да не го направи. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика е пријавен министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе, беа изнесени многу неточни бројки, тука се оперира со долари, тоа е намерно, знаеме дека во текот на една година доларот изгуби 20% од вредноста, но јас ќе одговорам на неколку од овие забелешки кои беа изнесени.

Имено, наводно со мерките на Владата транспортерите не добиле ништо. Да ја цитирам госпоѓата Билјана Муратовска претседател на Здружението на транспортерите кои уште првиот ден ја поздравија мерката на Владата и кажаа дека ова многу ќе им помогне во одвивањето на нивната дејност.

Толку во врска со моето излегување надвор од темата.

Темата беше Закон за задолжителни резерви на нафтени деривати. Имено, ова ја доведува Република Македонија  за јота поблиску до стандардите на Европската унија. Нашите задолжителни резерви во системот треба да биде, ако забележавте во Предлогот на законот, од европскиот систем на задолжителни резерви на нафтени деривати. По исклучок односно во краен случај овие задолжителни резерви се замислени да служат за некои интервенции на пазарот во врска со цените. Во овој момент речиси никаков. Предвидено е дека овие задолжителни резерви би се користеле евентуално во случај на нарушување на снабдувањето со нафтени деривати во рамките на Европската унија и секако во Република Македонија. Тоа е смислата на законот кој го усогласуваме делумно со директивите на Европската унија. Велам делумно, не сме членка на Европската унија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, од кои за гласаа сите 68, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

**Минуваме на точка 6 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за семејството.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претпрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Цветанка Иванова, Миле Андонов и Весна Бендевска поднесоа амандмани на член 8 став 6, член 13 за додавање нов став 2 по ставот 1 и на член 16 на новиот член 177-В алинеја 1 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 6 на новиот став 6, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Миле Андонов и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдуван Мамудов:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

Во системот на социјална заштита се создаде основа различни субјекти да се јават како даватели на одредени услуги од социјална заштита.

За прв пат е дадена можност здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита да се регистрираат во регистар кој го води Министерството за труд и социјална политика со цел одредени социјални услуги да им се делегираат како и делумно да се финансираат од страна на Министерството.

Од делокругот на работите од социјалната заштита, а кои се однесуваат на семејното насилство на здружение на граѓани може да му се довери обавување на социјална услуга во дневно и привремено прифаќање и згрижување на корисници на социјална заштита во дневен центар за жртви на семејно насилство.

Во измените и дополнувањата на Законот за семејство се предвидува здруженијата на граѓани да можат да спроведуваат одредени мерки на заштита на жртви на семејно насилство доколку се регистрирани во Регистерот на здруженија на граѓани од областа на социјална заштита кој го води Министерството за труд и социјална политика.

Со оглед дека се работи за преземање на мерки на заштита во системот на социјална заштита, здруженијата мора да бидат регистрирани, а со тоа и да поседуваат соодветни капацитети за преземање на мерки за заштита во системот на социјална заштита. Во пиширок контекст здруженијата на граѓани не се исклучени да пријавуваат случаи на семејно насилство или било кои други случаи кога постои потреба за заштита на човековите слободи и права.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Жалам што овој амандман не е прифатен, сакам да образложам што баравме со овој амандман.

Со членот 8 со кој се врши измена на членот 94-Г од Законот за семејство се проширува кругот на мерките за заштита на жртвата на семејното насилство, се прецизира начинот на кој ќе се извршува или преземаат мерките на заштита на жртвата на семејно насилство и воедно се утврдува кругот на субјекти кои можат да покренат барање, иницијатива за преземање на мерки на заштита.

Покрај останатите субјекти, тоа се центарот за социјални работи и жртвата, како новина што е секако за пофалба, се предвидува во кругот на тие субјекти да бидат и здруженија на граѓани регистрирани за остварување на цели и задачи од областа на социјалната заштита.

Ние пратениците од СДСМ предлагавме овој круг да се прошири со уште здруженија на граѓани кои се занимаваат со заштита на човековите слободи и права. Семејното насилство е кршење на основните човекови слободи и права.

Мислам дека ова не бара посебни финансиски импликации, доколку покрај здруженијата на граѓани регистрирани за остварување на целите и задачите од областа на социјалната заштита, да можат да преземаат мерки на заштита на жртвата од семејно насилство и Здружение на граѓани кои се занимаваат со заштита на основните човекови слободи и права затоа што семејното насилство, пред се, и над се е атак врз основните слободи и права на граѓаните односно на лицата кои се жртви на семејното насилство.

Јас барам поддршка од пратениците од парламентарното мнозинство, особено барам поддршка од пратеничките колешки од позицијата затоа што овој закон беше тема на расправа и во претходниот парламентарен состав, затоа што над 90% жени пратенички се истите и во овој состав и мислам дека треба да го поддржиме овој амандман затоа што со ова само се проширува кругот на субјектите кои можат да покренат или да побараат да се преземат мерки на заштита и тука ништо не е врзано со финансиски импликации.

Благодарам и уште еднаш барам поддршка особено од сите жени кои учествуваа во овој проект во претходниот состав.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван господине заменик министер, почитувани колеги,

Јас мислам дека предлогот е сосема во ред и е во духот на европските закони што ја третираат оваа област за семејно насилство. Точно е дека нема тука никакви нови зафаќања само има финансиски освен што има можност за проширување на кругот на чинители во општеството кои што можат да превземат мерки на заштита. Што значи да не мора само да се чека некој што е официјално социјален работник и вработен во администрацијата тој да може да превземе мерки на заштита, но тоа да можат да го прават и невладините организации кои што се регистрирани за тоа. Да не заборавиме дека за да бидат регистрирани за да се занимаваат со социјална дејност тие невладини организации треба да поминат низ филтерот на проверка од Министерството за труд и социјална политика што значи дека тие ќе бидат официјално верификувани за социјална дејност. Значи не може да се случи некоја случајна групација која што регистрирала невладина организација да може сосема неуко или неупатено и без контрола да презема мерки на социјална заштита и на тој начин да ги оштети граѓаните и државата.

Значи, зборуваме, ако точно го разбирам овој амандман и текстот на овој амандман, зборуваме за невладини организации и здруженија на граѓани кои што официјално можат да се занимаваат со тоа бидејќи Министерството им дало таква лиценца. Мислам дека е сосема во ред, во согласност со европските права и стандарди.

Би сакала да додадам во врска со целиот овој проблем на третман на семејното насилство. Ние како Македонија навистина отидовме многу напред.

Од пред неколку години имаме заокружена регулатива, но поради примената на таа регулатива во овој период од неколку години сега веќе можеме да видиме каде таа регулатива треба малку да се дополни, каде треба некои подзаконски акти да се дополнат, да се видоизменат, да се подобрат и во кои области државата може уште малку да се потруди за да бидат уште повисоко нивото на третман на жртвите на семејното насилство. Сеуште имаме дупки кои што ќе треба соодветно да се потполнат.

Значи, во насока на ревизија на сето она досега се прави на овој план Министерството за труд и социјална политика во соработка со канцеларијата на ЈНДП токму сега, овие денови прават анализа официјална и ќе дојде официјален извештај до Министерството, верувам дека и ние како пратеници ќе може да го добиеме за тоа каква е состојбата со регулативата за семејното насилство и со спроведувањето на таа регулатива. Токму јас ја имав честа да бидам еден од интервјуираните кои говореа за одредени пропусти и недоречености во оваа смисла.

Затоа мислам дека овој амандман и следните кои што се поврзани со овој се многулогични и според мене би требло да се прифатат освен доколку претставникот на Владата нема некои сосема конкретни аргументи поради кои што не би требало тоа да се случи.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник. За амандманот гласале 12, воздржани нема и 49 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за, молам да крене рака?(Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има некој против? (Нема)

По амандманот вкупно гласаа 61 пратеник, од нив за гласале 12, воздржа ниеден и 49 против.

Констатирам дека не го усвои амандманот. На член 8 став 6, новиот став 6 поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Миле Андонов и Весна Бендевска.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за додавање нов став 2, по ставот 1, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Миле Андонов и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор, претставникот на Владата, заменик министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдован Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам почитуван претседателе.

Навистина не знам зошто не се прифаќа и овој амандман, иако за волја на вистината во нешто е поврзан со претходниот амандман, кој што не се прифати, но можеше во видоизменета форма да биде прифатен.

Со овој амандман што бараме? Овој амандман се однесува на член 13 од овој закон во кој што се зборува за времетраењето на мерките за заштита кои што се преземаат за жртвата на семејното насилство. Понатаму во тој член се утврдуваат и субјектите кои што можат да побараат продолжување на траењето на заштитната мерка.

Според предложениот текст или основниот текст од законот продолжување на траењето на заштитната мерка може да поднесе само центарот за социјална работа.

Според нас, подносителите на овој амандман сметаме дека овој круг на лица, на субјекти овластени за продолжување на траењето на заштитната мерка да биде и самата жртва на семејното насилство, како и здруженијата на граѓани за заштита на човековите слободи и права.

Јас не знам од кои причини не може сама жртвата на семејно насилство, ако е полнолетна и ако е деловно способна да не може сама ако чувствува за потреба да побара продолжување на траењето на заштитната мерка. Барам аргументи зошто сама, еве, за илустрација една жена која е постојано семејно малтретирана, се врши насилие од страна на нејзиниот брачен другар и е изречена заштитна мерка во траење од 6 месеци зошто таа жена која што е жртва на семејно насилство, која што е деловно способна сама не би побарала таа мерка да и биде продолжена.

Не гледам реална основа за обивање на овој амандман и затоа барам пратениците да го поддржат, затоа што заштитните мерки на деловно способните, полнолетните лица кои што се жртва на семејното насилство сепак сигурно се одредуваат и со една волја, нивна согласност. Ако е така, тогаш аналогно на тоа би требало и за продолжување на таква мерка пред се да се почитува волјата на жртвата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници. За амандманот гласале 11, воздржани нема и 48 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за, молам да крене рака?(Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има некој против? (Нема)

По амандманот вкупно гласаа 59 пратеници, од нив за гласале 11, воздржан нема и 48 против.

Констатирам дека не го усвои амандманот. На член 13 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Миле Андонов и Весна Бендевска.

Во саслата има преку 61 пратеник.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Во салата се присутни 65 пратеници.

Отворам претрес по амандманот на член 16 на новиот член 177 -в, алинеја 1, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Миле Андонов и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор, претставникот на Владата, заменик министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдован Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам почитуван претседателе.

Со овој амандман бараме да се прошири кругот на субјекти со кои што центарот за социјални работи ќе соработува во извршувањето на работите од своите надлежности утврдени со закон. Бараме со овој амандман покрај останатите субјекти што се наведени во членот 16 или член 177-в, да се најдат здруженијата на граѓани за заштита на човековите слободи и права.

Бидејќи претходните амандмани со кои што баравме во кругот на субјекти покрај здруженија на граѓани кои што се занимаваат со социјална заштита да влезат и здруженија на граѓани кои што се занимаваат со заштита на основните човекови слободи и права не се прифатија овие амандмани, значи Министерството како предлагач на овој закон го задржува овој концепт, иако ние сметаме дека семејното насилство е атак врз основните човекови слободи и права и нема кој друг да се грижи за тоа освен покрај останатите субјекти и овие здруженија на граѓани.

Бидејќи заменикот министер не ги прифати претходните амандмнани, го задржува стариот концепт јас мислам дека овој амандман навистина и да се прифати, јас не очекувам да се прифати, нема смисла затоа и го повлекувам во име на предлагачите.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Во меѓу време пратеникот Соња Миракоска поднесе амандмани за додавање на нов член 14-а, по членот 14 и на член 16 на новиот член 177-в, алинеја 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 14-а, по членот 14 поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор, претставникот на Владата, заменик министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдован Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Соња Мираковска.

**Соња Мираковска:** Овој амандман го предлагам затоа што сметам дека треба да се прошири т.е. треба да биде поголем бројот на оргни и лица кои треба да бидат должни да пријават семејно насилство. Затоа предлагам сосема нов член кој би гласасел:

“Вработените во здравствените, социјалните и воспитно образовните установи, здравствени работници, работници од социјалната сфера, социјални работници, социјални педагози должни се да пријават на полиција и во надлежно јавно обвинителство извршено семејно насилство од член 94 -б, со кој сознале со вршењето на својата работа.

Лицата од став 1 на овој член кои не постапиле согласно ставот 1 од овој член вршат прекршок”.

Сметам дека семејното насилство треба да се третира на по еден поинаков начин, а не како дел, како глава од Законот за семејство. Токму во тој контекст група пратеници во претходниот состав од Новасоцијал демократска партија по иницијатива на Иван Анастасовски, поднесе Предлог закон за семејно насилство. Мислам дека тоа е исклучително важно еден ден тој закон да ја погледа светлината на денот, затоа што на тој начин многу повеќе ќе се обрне внимание токму на овој проблем на семејносто насилство. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам службите да утврдат точен број на пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратнеици во салата)

Во салата се присутни 63 пратеника, што значи дека може полноважно да се одлучува.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник. За амандманот гласале 9, воздржани нема и против 52 пратеника.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за, молам да крене рака?(Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има некој против? (Нема)

По амандманот вкупно гласаа 61 пратеник, од нив за гласале 9, воздржа нема и против 52 пртеника.

Констатирам дека не го усвои амандманот. На член 14-а по членот 14, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Отворам претрес по амандманот на член 16 на новиот член 177-в алинеј 1, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор, претставникот на Владата, заменик министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдован Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Соња Мираковска, повелете.

**Соња Мираковска:** Бидејќи овој амандман се поклопува со претходно предложениот во име на групата на СДСМ го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Молам кој бара збор?

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Уште на почеток сакам да кажам дека пратеничката грпа на СДСМ ќе го поддржи Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семејство и воедно од мое лично име сакам да изразам жалење што навистина не наидовме на разбирање кај предлагачот да ги прифати трите амандмани кои што во име на претеничката група ги поднесовме тројца пратеници од СДСМ. Пред се очекувавме дека ќе бидеме поддржани од сите жени во овој Парламент затоа што со овие три амандмани не се засегаше ништо во концептот, туку само се зајакнуваше, се подобруваше начинот на работа на центарот за социјални работи. Се подобруваше заштитата на жртвите на семејно насилство и секако се зајакнуваше борбата против семејносто насилство, кое што за жал во Република Македонија, во нашата држава веќе е многу честа појава, можеби една од причините заради се поголем број на семејно насилство е тоа што почнува веќе во Република Македонија отворено за оваа табу тема. Не дека досега семејното насилство не постоело, но се повеќе жртви на семејно насилство се охрабруваат јавно да кажат, да посочат во општеството дека имаат скриен проблем и вадејќи го овој проблем на виделина практично привлекуваат внимание или ја опоменуваат општествената заедница дека треба да се направи нешто во овој правец. Секако дека е правена во овој правец особено од 2004 година па наваму, каде што за прв пат во Законот за семејство со амандманите на Клубот на жени беше третирано семејното насилство, се зајакна во кривичниот законик казнената политика околу насилникот односно санкционирање на насилниците и секако ова е уште еден чекор понатаму во заштита на жртвите или преземање на мерки во заштита на жртвите со овие измени и мислам дека со овој предлог на закон особено го доградуваме законодавството на Република Македонија од оваа област.

Ова е особено значајно затоа што Република Македонија има потпишано ковенции кои што и пред меѓународната заедница навистина треба ако сака да биде рамноправна членка во меѓународните организации да презема мерки на ова поле.

Секако го поздравуваме и делот кој што се однесува на унапредување на законските решенија за борба против трговијата со луѓе, затоа што го ратификувавме тн., протокол од Палермо и обврзани сме да работиме и понатаму на ова поле.

Она што сакам да го кажам за овој закон е дека во претходниот состав беше третирано ова прашање и точно е дека некаде кон крајот на јануари 2008 година, мислам, беа поднесени еден предлог, тоа беше овој кој сега го разгледувавме за изменување и дополнување на Законот за семејство од страна на Министерството за труд и социјална политика како овластен предлагач и еден предлог за донесување на посебен закон против семејното насилство поднесен од група пратеници од Новасоцијал демократска партија.

По овие два закони клубот на жени пратенички во претходниот состав дебатираше и направи едно јавно сослушување на кое што учество земаа претставници на Министерството за труд и социјална политика, на македонското женско лоби, на националниот совет на жени СЖМ, Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост ЕСИ и останати невладини организации.

Третирајќи го овој проблем и разгледувајќи ги двата закони особено со посебен осврт на Предлогот за донесување на законот за заштита од насилство во семејството од група на пратеници Клубот на жени пратенички заседе став дека во Република Македонија до денес е направен значаен напредок во третирањето на семејното насилство.

Но, она што е став на сите учесници на оваа јавна расправа,на која што, како што кажав, учествуваа еминентни организации што се занимаваат со ова прашање, беше заземен став дека на Република Македонија и е потребна кодификација на материјата, на законските решенија од оваа област што се расфрлени дел во Законот за семјество, дел во Кривичниот закон, дел и во Законот за социјална заштита, сметавме дека треба да се даде, да се отпочне еден процес на работа на кодифицирање и да се донесе посебен закон за борба против семејното насилство, во кое што, во чија изработка ќе бидат вклучени секако, под раководство на Министерството за труд и социјална политика, сите овие заинтересирани страни, се како Клубот на парламентарки и целиот невладин сектор.

Ваква позитивна пракса или примери имаме во Србија, Хрватска, Белгија, Франција, Австрија. Таму, секако има посебни закони каде што псоебно се третира семејното насилство, бидејки е посебен општествен проблем. Затоа што до колку семејството ни е здраво како основна клетка на се, од што извира и почнува се, тогаш ќе ни биде здраво и општеството.

Уште еднаш да истакнам пред да завршам дека од пратеничката група на СДС, пратениците, ќе ги подржиме измените и секако упатуваме апел до Минситерството, она што го договоривме на јавната расправа, а тоа е отпочнување на процесот на кодификација, што е можно побрзо да се зафатиме затоа што не треба да се третира жртвата на семејното насилство, ако немаме насилник ќе немаме ни жртва на семејното насилство, треба да имаме посебни мерки, затоа што да предизвикуваш насилство е болест и треба да се третира и насилникот. Тоа значи дека

треба да имаме решенија што сеопфатно ќе ја регулираат како жртвата така и насилникот и ќе имаме координација на сите институции кои ќе се занимаваат со ова прашање, за да имаме ефикасна борба против семејното насилство.

Секако, во оваа можност сакам да одададам признание и на голем број меѓународни организации што не поддржуваат како општество во борбата против семејното насилство, во борбата против трговијата со луѓе, како што е ОБСЕ, со чија соработка имаме отворено шалтер, центри. Имаме поле за работа. Заеднички работиме на ова поле и барам понатаму да продолжиме со уште поголемо темпо, да ја завршиме работата така како што предвидуваат меѓународните конвенции и документи на кои што Република Македонија е потписник и што ги ратификувала. Благодара,

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За збор се јави Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине претседателе,

Почитуван господине заменик министре, почитувани колеги пратеници,

Земено во целина, се согласувам со дискусијата на колешката Цветанка Иванова, со нејзините ставови околу семејното насилство. Сме работеле повеќе години наназад на ова поле, затоа и ги поддржав амандманите што ги предложи, бидејки сметав дека се втемелени вореалноста. Но, би сакала реплика само на еден дел од нејзината дискусија.

Не би се согласила дека треба задолжително да се создаде посебен закон за семејното насилство, затоа што тоа не е пракса, не е задолжително во сите земји во светот. Имаме нколку примери, како што истакна и колешката, но подобрата, најдобрата пракса покажува дека семејното насилство треба сериозно да се третира преку Кривичниот законик. Инаку, семејното насилство, во најголем дел се третира преку три закони, меѓу кој и Кривичниот законик. До колку би се извлекло семејното насилство од Кривичниот законик би можеле да се доведеме во ситуација да се намали тежината на казната и сериозноста на сафаќањето на семејното насилство како такво, посебно во ситуација кога сме на почеток на работа на оваа материја.

Мислам дека имаме време и понатаму да дискутираме во иднина, да видиме како конечно ќе го решаваме. Но за сега мислам дека е добро да се надградат овие три закони каде се третира семејното насилство. Добро е што Владата на Република Македонија, во соработка со УНДП, токму сега, овие денови врши ревизија на спроведувањето на законите за семејното насилство. Потоа ќе донесе заклучок во која насока да тргнеме.

Во секој случај, ние двете, верувам и повеќето колеги, сите колеги овде ќе бидеме во насока на подршка на она што ќе биде подобра, поефикасна и посовремена регулатива за семејното насилство. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Веројатно за контра реплика е пријавена госпоѓа Цветанка Иванова, повелте.

**Цветанка Иванова:** Господине претседателе јас само накратко.

Само го изнесов ставот што беше заземен од Клубот на парламентарки од претходниот состав и ништо повеќе. Бидејќи овој Клуб работи во континуитет, без разлика кои жени доаѓаат, затоа што нашата борба е континуирана, како поранешен координатор на Клубот само се придржувам кон она што било став на Клубот.

Инаку, точно е дека сторителот на семејното насилство се третира со Кривичниот законик. Но, јас повеќе преферирам превентивно да делуваме, да не доаѓаме допримена на Кривичниот законик, туку да ги отстраниме сите причини што доведуваат до тоа еден човек да биде насилник, за после да немаме жртва на семејното насилство.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејки немаме повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Вкупно гласале 66 пратеници, за гласале 66, воздржани нема, против нема.

Ги молам членовите на Валдата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има некој против? (Нема0.

По Предлогот на законот вкупно гласале 66 пратеници, сите 66 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за семејството.

**Минуваме на точката 7 - Предлог на закон за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господин Станковиќ Емилијан, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам претседателе.

Почитуван заменик министер за транспорт и врски, почитувани колешки и колеги пратеници,

Иако овој предлог на закон за облигациони и стварноправниодноси во воздушниот сообраќај е

дел од обврската за приближување на македонското кон европското законодавство и истовремено е дле од обврската што произлегува од потпишаната Мултилатирална спогодба за основање на европска заедничка област од 9 јуни 2006 година, не можам да сфатам зошто во ваква форма или вака изработен, од страна на предлагачот, овој предлог-закон се инсистира да се донесе по итна постапка.

Ова го прашувам затоа што во членот 195 од Предлогот се вели дека законот ќе се применува дури 6 месеци по неговото стапување во сила. Мене ми е наполно јасно дека е ова многу важен закон, како за македонското воздухопловство, така и за македонските воздухопловни власти. Посебно што псотојниот Закон е стар, сојузен пропис од СФРЈ од 1977 година, со една измена во 1985 година, но токму заради тоа сметам дека е потребно овој закон да го носиме во две фази. Уверен сум дека така ќе донесеме многу поквалитетно законско решение.

Предложениот закон, дефинитивно е правен по теркот на српскиот, словенечкиот, хрватскиот Закон, но читајќи му ги одредбите , и на пример споредувајки го со словенечкиот има одредени сфери што или не се уредени воопшто или содржат одредби што исклучително тешко ќе се

спроведат во пракса. Еве зошто. Во целиот закон доминираат одредби, како на пример во членот 6, што се однесува на патниот билет, во членот 18 што ја регулира одговорноста на превозникот за штета настаната поради смрт или телсесна повреда на патникот за време на воздушниот превоз, кои повикуваат или упатуваат единствено на примена на одредбите од Конвенцијата за изедначување на некои правила на меѓународен превоз по воздуШен пат или позната како Монтреалска конвенција.

Со овој предлог на закон дефинитивно треба прецизно да се уреди одговорноста за смрт или телсна повреда на патникот, а не во неговите членови само да се наведува дека се применвуаат одредбите од Монтреалската конвенција, како и одредбите од Европската регулатива 20/27 од 1997 година која е изменета со Европската регулатива 8/89 од 2002 година.

Во словенечкиот Закон, што очигледно е земен како модел за изготвување на овој Предлог на закон, во членот 20 прецизно е регулирана оваа материја. Нормално, овој член во словенечкиот закон е во согласност со европското законодавство и со претходно цитираните европски регулативи.

Затоа ќе беше подобро ако изготвувачот или предлагачот во овој предлог на закон наведеа кои членови од прописите, на кои што се повикува во Законот се однесвуаат на одговорнсота утврдена во членот 18.

Ова, во целост се однесува и за членовите 19, 20, 21, 25 и 92.

Ако го погледнете членот 22 став 5, што ја третира материјата за рачниот багаж што вели " општите услови на превозот не смеат да бидат во спротивност со одредбите на овој закон и со прописите на Европската унија што се применвуаат согласно овој закон".

Сега се поставува прашањето кои се овие прописи од Европската унија? Ниту се дефинирани, ниту се наведени. Очигледно, корисниците кои ќе треба да го имплементираат во пракса ќе теба да гледаат на графчиња за кои европски прописи мислел предлагачот на овој закон.

членот 115, што се однесува на ограничување наодговорноста, наместо точно да се утврдат или определат износите за надомест на штета во согласнсот со европските регулативи, во него стои, цитирам: "за штетата од членот 107, што пак ја утврдува одговорноста на сопственикот на воздухопловот за штетата што воздухопловот ќе ја причини додека е на земја, одговорното лице одговара најмногу до износите предвидени во членот 7 од Европската регулатива 7/85 од 1994 година".

Сите овие примери дефинитивно укажуваат дека составен дел на овој Предлог на закон треба да бидат и прописите на кои со мнозинството одредби се упатува, а не како што уредува членот 194 од преодните и завршнит еодредби, што вели, цитирам: "во рок од 6 месеци" повторувам "во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон Секретарјатот за европски прашања при Валдата на Република Македонија ќе ги објави во Службен весник на Република Македонија прописите на Европската унија на кој се упатува со овој закон".

Да констатирам дека една од оснвоните причини зошто овој закон има одложена примена од 6 месеци е само затоа што сеуште не се преведени иобјавени во Службен весник ниту Монтреалската конвенција ниту сите останати европски регулативи на кои се повикуваат одредбите од овој предлог на закон.

Што треба ние сега да направиме денеска? Да го усвои овој предлог на закон што неспорно имаприоритет, затоа што е со европско знаменце и со тоа да придонесеме во исполнување на нечија норма, за да може потоа некој да се фали дека донел не знам колку европски закони или обични закони, без при тоа да внимаваме на квалитетот што го нуди овој предлог на закон. А, во меѓувреме, корисниците кои ќе треба во пракса да го спроведуваат овој закон, нормално ако денеска го усвоиме во ваква форма, после минимум 6 месеци ќе мора прво да го побараат Службениот весник каде ќе биде објавен овој закон, па ќе мора да го побараат Службениот весни во кој ќе бидат објавени прописите на кој се повикува, а најчесто во Предлогот на законот е наведена само регулативата на коај се упатува, а не и одредбите на истата.

Значи, постапката за примена на овој закон ќе биде исклучително сложена. Дополнително останува дилемата дали воопшто се потребни шестиот дел од овој предлог закон што се однесува до инспкцискиот надзор и седмиот дел што содржи прекршочни одредби.

Зошто овој закон треба да има одредби за инспекциски надзор, кога во Законот за воздухопловство има низа одредби што го утврдуват инспекцискиот надзор. Мислам дека треба да ја потсетиме јавноста дека тој е донесен во март 2007 година. Истото се однесува и за прекршочнит еодредби, како и за посредувањето регулиранов о членот 191 од овој предлог на закон.

Во ниту едн од законите за облигациони и стварноправни односи во воздушниот сообраќај на Србија, Хрватск аили Словенија, па дури и во нашиот Закон за облигациони односи, што го изменивме и дополнивме на оваа иста седница нема ниту доредби за прекршоци, ниоту одредби за инспекциски надзор. При тоа, морам да напомнав во интерес на информриање на јавноста дека овој Предлог на закон ја регулира само материјата што се однесува на воздушниот сообраќај, а што не е регулирана со постојниот Закон за облигациони односи.

Затоа апелирам до предлагачот, во интере на подобар квалитет на законот, овој закон да се повлече и истиот да го носиме во две фази. Односно во втората фаза да ги има и преводите на прописите на кои се повикуваат мнозинството одредби во овој закон за облигациони и стварноправни односи во воздушниот сообраќај.

Дополнително, што нема никакво логично објаснување, зошто да брзаме со носењето на овој Предлог на закон, затоа што најпоивканиот државен субјект за спроведување на овој предлог на закон, Управата за цивилна воздушна пловидба, иако и тоа е дел од обврската за хармонизирање на нашето законодавство со европското, сеуште и по истекот на законски предвидениот рок не е суштински трансформирана во два оделни субјекти: Агенција за цивилно воздухопловство, како самостоен независенорган или таканречен регулатор што треба да биде надвор од ингеренциите на Министерството за транспорт и врски и Акционерско друштвокако давател на услуги во воздушниот сообраќај или таканречен провајдер. Најповиканиот субјект за имплементација на одредбите од овој предлог на закон, македонските воздухопловни власти, како државен орган, сеуште ги немаат одвоено регулаторнит еод оперативните функции и, согласно Законот за воздухопловство, за појаснување на јавноста не се одвоени административните функции, безбедноснито инспекторскиот дел од контролата на летање и воздухопловната техникакако оперативен дел. Освен, ако Владата не смета дека, со тоа што го смени називот на УЦВП во Агенција за цивилно воздухопловство и со тоа ја завршила работата, само за да има правеноснов за иемнвуање наменеџмент и исполнување на дел од ингеренциит е на директорот.

Рокот за оваа тансформација, сметано од март 2007 година беше една година, кога се донесе Законот за воздухопловство. Нормално, до март 2008 година, а еве денеска сме 4 јули и Владата веќе доцни со оваа трансформација повеќе од 3 месеци. Навистина е неразбирливо зошто сеуште се чека со оваа трансформација, бидјеки првично беше предвидена со Законот за воздухопловство што се донесе во 2006 година. Сите акти пред 5 јули 2006 година се подготвени за транформација, но тоа сеуште не е сторено.

Инаку, ваквата тансформација е неопходна од неколку причини, поради фактот што ние сме последна земја во регионот што ја нема направено ваквата тансфорамција на воздухопловните власти, како и поради фактот дека еден од услвоите, нашата воздухопловна власт, од земја кандидат да стане полноправен член на ЏЕЈ, на Здружениеот на европските воздухопловни власти е оваа, да направи трансформација, а тоа е потребно затоа што за неколку месеци Здружените европски воздухопловни власти ќе се трансформираат во една Европска асоцијација за безбедносни прашања.

Затоа, уште еднаш апелирам, согласно членот 163, Собранието да го смета овој Предлог на закон како нацрт во интерес на изнаоѓање поквалитетни законски решенија што ќе ја третираат оваа материја.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот..

(Дофрлање од место)

Молам !

Видете, на самиот почеток ја определуваме постапката за носење на овој закон.

(Пратеникот Јани Макрадули од место инсистира да се побара Предлогот на законот да се носи во две фази).

Не може да се побара, затоа што самиот Деловник укажува кога се носи по итна постапка, нема две фази, туку во една фаза се завршуваат сите работи.

(Пратеникот Јани Макрадули од место инсистира дека тоа пратеникот водискусијата го барал)

Може да побарате, но закони што се носат според членот 173, по итна постапка, не може тоа да се примени.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, од нив за гласале 56 пратеници, воздржано гласале 13 пратеници, против нема.

Ги молам членовите на Валдата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Дали има некој против? (Нема).

За Предлогот на законот вкупно гласале 69 пратеници,од нив за гласале 56, воздржано 13,против никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај.

Процедурално бара господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Можеби ќе повторам нешто што и колешката Иванова, но бидејќи веднаш ја затворивте расправата сакам да ви укажам дека во минатиот состав имаше едно непишано правило, а тоа е сосема коректно правило законите со европско знаменце кои немаат кореспондентна табела да не бидат ставени на дневен ред. Ако погледнеме и Законот за семејства и овој закон што го имаме тука што го изгласавте, во себе не содржи мислење на согласеност на прописот. На тој начин ние можеме да избрзаме, ќе ги изгласаме законите, но тоа знаете нема никаков ефект да се брои од страна на Европската комисија бидејќи и во двете верзии не постои усогласеност на прописот. Во последниот закон што го поминавте сега за облигационите и стварно правните односи во воздушниот сообраќај дури нема на превод на англиски јазик, така да некој не ни можел да ја даде таа усогласеност и затоа оваа процедурална забелешка е да изразам протест на начинот на кој што со итната постапка не правиме ништо освен што еден закон што ќе треба пак по некој месец да го гласаме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

**Минуваме на точка 8 - Предлог на закон за јавни патишта**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Се јави за збор Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Потребата од носење на овој нов закон за јавни патишта е од постар датум, пред се, заради потрабата од усогласување на оваа материја со законодавството на Европската унија, но и од фактот дека и постојниот закон кој што е донесен во 1996 година, па до 2007 година, тоа беше ноември месец минатата година кога ги направивме последните измени. Само со измената од 2002 година направени се интервенции во 45 члена на законот, што мора да признаеме дека претставува повеќе од 30% од вкупната содржина на законот. Зошто го кажувам ова? Предложениот текст на предлог законот во поглед на обемот значително се разликува од обемот на стариот закон. Имено, додека стариот закон на оваа материја третираше 132 до 140 члена, овој предлог закон содржи околу 80 до 82 члена. На овој начин определен се случува голем или определен број на прашања од оваа проблематика остануваат законски непокриени, што од своја страна очекувам да предизвика значителни проблеми во практичната примена на законот. На пример, во предлгот на законот во првата глава каде што се концесиите на јавните патишта имаме само два члена, членот 11 и членот 12. Додека во постојниот закон оваа проблематитка се третира во 9 члена и е многу подетално разработена. Ценам дека и во овој Предлог закон би требало да биде така.

Предлогот на законот по ова прашање се повикува и упатува на услови утврдени со закон, пред се, се мисли на Законот за концесии, меѓутоа на овој начин не се земаат предвид, пред се, спецификите кои ги содржат јавните патишта и концесиите на истите. Не е сеедно дали ќе дадете на концесија еден пат или ќе дадете нешто друго. Сметаме дека оваа проблематика требало да наиде на поголемо внимание и разбирање и подетално да биде обработена од страна на предлагачот на законот.

Исто така, главата 4 планирање, проектирање, изградба, реконструкција на јавните патишта. Главата 5, одржување на јавните патишта и главата 6 заштита на јавните патишта во кои се третираат најсуштествените прашања од обласа на јавните патишта оставени се со голем број на недоречености. Оваа материја стариот закон ја третира во 64 члена, додека овој Предлог закон оваа проблематика е тратирана во 31 член и со овој податок се укажува дека голем број на прашања се оставени беззаконско покритие.

Образложеието на предалгачот односно на Министерството може да биде дека со Предлогот се воведува либерализација во одржувањето и трансформацијата на Јавното претпријатие Македонија пат, дали ќе биде делумна или целосна во следниот чекот не знам, но ова би требало да биде една причина повеќе оваа материја законски да биде уредена како што треба, а и разработена. Доколку сакаме да имаме еден закон кој што ќе го почитуваат сите, кој ќе го применуваат сите во Република Македонија и се разбира подолг временски период да не го менуваме.

Во овој Предлог закон од членот 14 до членот 23 се предвидува трансформација на Фондот за патишта, се разбира во Агенција за државни

патишта. Јас не знам, исто како и предлагачот дека оваа проблематика е доволно добро опфатена. Во поглед на трансформацијата на Јавното претпријатие Македонија пат во член 83 точка 2 се предвидува трансформацијата да се направи со посебен закон. Ваквото решение може да биде добро, се разбира, доколку посебниот закон за приватизација на Македонија пат се носи во исто време со овој нов закон за јавни патишта. Впрочем, сакам да ве потсетам почитуван заменик министер, и консултанската фирма која го спроведува КАРДС проектот, подршка на Министерството за транспорт и врски за преструктуирање на патниот сектор предложи неколку работи кои што ги потврди и Министерството за финансии односно министерот Трајко Славески.

Прво, трансформацијата на Фондот за магистрални и регионални патишта да биде во Агенција за патишта.

Второ, изборот на фирми за одржување на јавните патишта да биде на јавен тендер.

Трето, приватизацијата на јавното претпријатие Македонија пат да биде заено со овој закон.

Четврта работа, директно располагање на новата Агенција за јавни патишта на одреден процент од прибраните средства од акциза на нафтените деривати.

Петто, измена на начинот за собирање на патарина.

Шесто, внатрешна реорганизација на Фондот и јавното претпријатие Македонија пат итн.

Меѓутоа, она што е најважно, тоа е дека се предлага само една мерка, тоа е нов закон за јавни патишта кои би го опфатил решението на сите овие прашања, а тоа не е направено. Мислам дека вака како што е предложен овој Предлог на закон би можеле многу лесно да се најдеме во еден правен вакум. Во прилог на ова оди и мислењето, како што веќе спомна и министерот Трајко Славески, кој укажа на сите овие работи за кои што јас зборувам.

Бидејќи, со одредбите на овој закон голем број на надлежности и на јавното претпријатие Македонија пат се либерализираат и на пазарот може да се јават нови субјекти кои ќе превземат дел од тие работи, функционирањето на јавното претпријатие Македонија пат може значително да биде отежнато и да се најде во уште поголеми финансиски потешкотии од они со кои се соочува во овој момент, а во овој момент, вие знаете подобро од мене, се работи за сума повеќе од 500-тини милиони денари. Тоа не е сума за потценување во ваква состојба во која што се наоѓа во ова јавно претпријатие. Се разбира дека ова ќе придонесе за обезвреднување на нејзината пазарна вредност особено сега кога велите дека ќе се приватизира ова јавно претпријатие. Од друга страна реално се наметнува сомнежот за квалитетно и ефтино одржување на патната инфраструктура од евентуално нови субјекти кои што ќе се јават на пазарот во Република Македонија.

Дозволете ми да кажам и неколку забелешки по оделни членови на овој закон. Имено, во членот 1 содржината на овој член треба да биде усогласена со содржината на законот по глави и затоа во овој член недостасуваат концесии глава 2 и проектирањето глава 4. Во членот 4 се воведува нова поширока поделба на патиштата и нивно дефинирање кое претпоставувам сите ќе се сложиме несоодветсвтува со состојбата во Република Македонија, туку е превземено решение од некои поголеми и поразвиени европски држави. Ова прашање може да има и одредена политичка тежина, бидејќи предвидува поврзување на региони во државата, што има своја мора да признаете политичка специфика. Имено, во овој член, во членот 4 во точка 7 во дефиницијата се зборува за поврзување на поважни региони во државата. Извинете, меѓутоа ќе си дадам за право да прашам, кои се тие поважни региони во Република Македонија? Што мислел со ова законодавецот или предлагачот на законот. За какви се тоа привилегирани поважни региони станува збор во Република Македонија

Во членот 14 почитувани колеги, во точките 3 и 4 не се предвидени роковите за изготвување на програмите, а се работи за петгодишни и едногодишна програма за работа на Агенцијата. Ако законски Агенцијата не е обврзана, тоа значи дека може таа да ги донесе кога сака, а тоа значи дека нема да функционира.

Во точка 5 би требало да стои “и по претходна согласност од Министерството за транспорт и врски”. Зошто? Заради тоа што ако остане предложеното решение вака како што е тука, тоа значи дека основната дејност или основната врска помеѓу Министерството ќе биде прекината. Не може Министерството да биде надвор од овие случувања.

Или земете го членот 56, ова е навистина чувствително прашање и бара особено внимание, се предлага висината на средствата од трансферот на буџетот од акцизата за нафтените деривати да не биде помала од 20%, се разбира од приходите остварени по овој основ. Па, ве молам, сите ќе си го поставиме прашањето дали е ова доволно? Дали овие 20% се доволни, имајќи предвид дека во сите развиени држави ова е основниот извор за финансирање на патната инфраструкутра. Впрочем, сите знаеме дека, да направиме една мала компарација дека во минатото овој процент во Република Македонија се движеше до 40%. Се разбира дека има и други работи кои што би можел да ги спомнам или да спорам со предлагачот, меѓутоа сепак , бидејќи се работи за еден закон кој што е долго очекуван во Република Македонија, а постојниот и покрај големиот број на измени не е адекватен на времето на кое што сите го посакуваме и очекуваме, сметам дека предлагачот морал да го има тоа предвид дека малкуе избрзана работава,

но што е тука е. Се надевам дека имате разбирање зошто овие укажувања мора да бидат променети во овој Предлог закон, а зошто не беа дадени амандмани на истиот. Ценам дека некој мора не да сноси одговорност, туку едноставно да ги прифати овие наши забелешки и да ги вгради во постојниот закон како одговорноста во иднина што ќе се случува да биде ваша, но да биде и колку што е можно помала. Инаку, во ваков случај сите ќе имаме многу брзо проблеми од големи размери. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на предлот на законот.

Пред да го ставам предлогот на законот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, од нив за гласаа 48, воздржани 12, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По предлогот на законот вкупно гласаа 60 пратеници, од нив 48 гласаа за, воздржани 12, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за јавни патишта.

**Минуваме на точка 9 - Предлог на закон за водите**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратениците Никола Ќуркчиев, Менде Динески, Горан Сугарески,Станка Анастасова поднесоа амандмани на член 35 став 1, член 213 став 19, член 215 став 1, член 219 став 3 точка 8 и на став 5 и на членовите 250, 260 и 265, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Марјанчо Колески и Стојче Крстески, поднесоа амандман на член 263 ставови 1 и 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Косана Николиќ-Мазнева поднесе амандмани на член 60 став 1, член 110 за менување на став 3, член 118 за менување на став 2, член 118 за додавање нов став 3 по ставот 2 и на член 118 за додавање нов став по ставот 3, нов став 4 по ставот 3, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 1, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Менде Динески, Горан Сугарески и Станка Анастасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Соња Липиткова, заменик министер за животна средина, повелете.

**Соња Липиткова:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 60 став 1, поднесен од пратеникот Косана Николиќ-Мазнева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Соња Лепиткова, заменик министер за животна средина.

**Соња Лепиткова:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 110 за менување на став 3, поднесен од пратеникот Косана Николиќ-Мазнева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Соња Лепиткова, заменик министер за животна средина.

**Соња Лепиткова:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 118 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Косана Николиќ-Мазнева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Соња Лепиткова, заменик министер за животна средина.

**Соња Лепиткова:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 118 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратеникот Косана Николиќ-Мазнева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Соња Лепиткова, заменик министер за животна средина.

**Соња Лепиткова:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 118 за додавање на став 4 по ставот 3 поднесен од пратеникот Косана Николиќ-Мазнева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Соња Лепиткова, заменик министер за животна средина.

**Соња Лепиткова:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 219, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Менде Динески, Горан Сугаревски и Станка Анастасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Соња Лепиткова, заменик министер за животна средина.

**Соња Лепиткова:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 215 став 1, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Менде Динески, Горан Сугаревски и Станка Анастасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Соња Лепиткова, заменик министер за животна средина.

**Соња Лепиткова:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 219 став 3 точка 8 и на став 5, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Менде Динески, Горан Сугаревски и Станка Анастасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Соња Лепиткова, заменик министер за животна средина.

**Соња Лепиткова:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 250, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Менде Динески, Горан Сугаревски и Станка Анастасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Соња Лепиткова, заменик министер за животна средина.

**Соња Лепиткова:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 260, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Менде Динески, Горан Сугаревски и Станка Анастасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Соња Лепиткова, заменик министер за животна средина.

**Соња Лепиткова:** Доколку предлагачот се согласи, наместо 45 дена што имаат предложено во амаданот, да биде 3 месеци, би го прифатиле амандманот,

**Трајко Вељаноски:** Условно се прифаќа амамдманот, но предлагачот треба да се изјасни дали се согласува согласно укажувањето од заменик министерот за животна средина.

**Никола Ќуркчиев:** Се согласувам. Мислам предлогот е на место.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа видоизменет како што е укажано од страна на заменик министерот за животна средина и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 263 ставови 1 и 2, поднесен од пратениците Маријанчо Колески и Стојче Крстески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Соња Лепиткова, заменик министер за животна средина.

**Соња Лепиткова:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 265, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Менде Динески, Горан Сугаревски и Станка Анастасова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Соња Лепиткова, заменик министер за животна средина.

**Соња Лепиткова:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандамнот не се прифаќа.

Има збор господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Би сакал уште еднаш да го замолам предлагачот, бидејќи СДСМ ќе го подржи овој закон, меѓутоа ценам дека можеби уште еднаш треба да проверат да не е можеби техничка грешка. Зошто носиме по итна постапка еден ваков закон кој е долго очекуван во Република Македонија , е истиот треба да влезе во сила во 2010 година. Цениме дека со овој амандман, нашиот предлог законот да биде применлив во 2009 година или да

се применува од 2009 година е сосема пристоен и треба да биде прифатен.

Би го замолили ппредлагачот уште еднаш да го разгледа овој амандман и истиот да биде прифатен.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор заменик министер за животна средина Соња Лепиткова.

**Соња Лепиткова:** Јас објаснив зошто законот ја има итноста за донесување, затоа што и во Националниот план и во Извештајот од Европската унија, неколку пати се нагласува дека овој закон е потребен . од друга страна одлагањето и целата таа процедура на одогвлекување на законот придонесе да ние предлагаме и во самиот член две глави од законот да бидат применливи од 1.01.2009 година, кога ќе треба да се формираат телата за да можат да ги подготват плановите, водостопанската основа, стратегијата, сите значајни документи кои се нови документи за еден ваков нов интегриран закон кој за првпат како ваков се применува во Република Македонија и едноставно е потребно таа процедура, како и донесување на подзаконските акти. Затоа сметаме дека заради поуспешна примена на законот, поцелисходно е целокупната примена од 1.01.2010 година. Многу размислувавме за тоа, имавме неколку јавни расправи и останувам, е на тоа што го кажав , така како што е предложен и стануваме дел на таа определба.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гасање.

Ве повикувам на гласање.

Вкупно гласаа 61, за гласаа 14, воздржани нема, против 47 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници на Собранието да се произнесат по амандамнот со кревање на рака.

Кој е за амандамнот молам да крене рака? Никој.

Дали има воздржани? Нема

Дали има некој против?Нема.

По амандманот вкупно гласаа 61 пратеник, за гласаа 14, воздржани нема, против 47 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 265 поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Менде Динески, Горан Сугаревски и Станка Анастасова.

Продолжуваме со пертрес по текстот по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Никој.

Бидејќи нема  пријавено за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гасање.

Ве повикувам на гласање.

Вкупно гласаа 58 пратеници, за гласаа 57, воздржани нема, против 1 пратеник.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници на Собранието да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е предлогот молам да крене рака? Никој.

Дали има воздржани? Нема

Дали има некој против? Нема.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 58 пратеници, за гласаа 57, воздржани нема, против 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за водите.

Процедурално за збор се јави господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседател, јас не знам дали техниката може да го замрзне и последното гласање, но се гледа дека во 6-тиот ред нема толку голем број на пратеници колку што имаше гласа за. Мислам дека си правите само штета со гласањето за други кога имате толку многу пратеници.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Техниката кажува кој гласал. Кој бил присутен може да се види со камерите.

Пред да продолжиме со работа по точка 10, давам 10 минути пауза за координација, по однос на следниот закон кој е - Закон за изменување и дополнувањ на Законот за заштита и спасување, за да можеме да видиме дали можеме да се усогласиме, со оглед на тоа што има голем број на амандамни.

Ги повикувам координаторите и претставникот на Владата, предлагачот на координација во Охридска сала.

(По паузата)

Ја прекинувам денешната седница. Со истата, со 4-та седница продолжуваме во понеделник во 11, часот. За тоа време се надевам дека ќе усогласиме за одреден број на амандмани што се поднесени. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,31 часот)